**ЦЕНТАР ЗА РАЗВОЈ НА ПЕЛАГОНИСКИОТ ПЛАНСКИ РЕГИОН**

# Студија
## за
## поврзување и промоција на манстирскиот туризам на Баба Планина

Изработено од: Ристо Палигора

За: Центар за развој на Пелагониски плански регион

Декември,2011
Битола

**Содржина**

**За проектот......................................................................................................................... 3**

**Предговор............................................................................................................................ 4**

**Житија на светителите кои се присутни со свои храмови во регионот на планината Баба................................................................................................................. 6**

**Цркви во Ресенскиот дел на Баба Планина........................................................... 16**

**Цркви во битолскиот дел на Баба Планина.......................................................... 29**

**Култот на римската маченичка св. Петка во регионот на Баба Планина како можност за креирање на брендирана туристичка понуда на регионот .............. 44**

**Име на проектот:** Изработка на Студија за поврзување и промоција на манастирскиот туризам на Баба Планина
**Носител на проектот:** Центар за развој на Пелагонискиот плански регион

Основен проблем кој беше третиран со проектот е недоволната искористеност на културно – историското наследство и природните убавини и реткости во функција на економски развој на општините Ресен и Битола, особено Планината Баба како заедничка географска целина на двете општини.
Недоволно развиениот систем на истражување на потенцијалот на манастирскиот туризам и патна инфраструктура која ги поврзува манастирите на Планината Баба, ги забавува можностите за побрз економски развој на двете општини во склад со принципите за одржлив развој.
Проектот за прв пат на уникатен и иновативен начин даде можност за побрз економски развој преку развивање на манастирскиот туризам и другите алтернативни форми на туризам.
Корисници на резултатите од него се околу 120.000 жители на двете општини и заинтересираните лица за практикување на различните форми на туризам од нашата земја и од странство.
Потребите за неговата реализација произлегоа од тенденцијата за поголема валоризација на културно – историското и природно богатство во функција на побрз социјално – економски развој на двете општни – Ресен и Битола.

**Основна цел на проектот** е израбтка на студија за поврзување и промоција на манастирскиот туризам на Баба Планина.

**Очекувани резултати од проектот се:**
1. Изработен каталог со линија на поврзување на црквите и манастирите на Баба Планина во општните Битола и Ресен и објаснување за нивното значење;
2. Изработена студија во функција на економски развој на двете општини преку различните форми и потенцијал на манастрискиот туризам.

Со изработената студија ќе се добие збогатена туристичка понуда на регионот и ќе се отвори можност за развој на селата кои се наоѓаат на Баба Планина, истовремено создавајќи предуслови за подобрување на квалитетот на животот на населението кое ги населува.
Одржливоста на проектот произлегува од можноста изработената Студија и останатите излезни резултати да се стават во употреба подолг период како клучни алатки при промоцијата и развојот на вкупната туристичка понуда на Пелагонискиот регион.

Проектот е финансиски поддржан од бирото за рамномерен регионален развој на Република Македонија.

## П р е д г о в о р

Во рамките на реализацијата на активностите поврзани со изработката на **Студијата за поврзување и промоција на манастирскиот туризам на Баба Планина** (за општините Битола и Ресен), која се одвиваше во текот на последниов квартал од 2011 год, беа реализирани повеќе вкрстени и синхронизирани активности. Како една од основните појдовни точки, извршена е опсежна консултација на сите расположливи публикувани научни и други материјали, од посебно значење за изработка на оваа студија. Во продолжение беа реализирани теренски активности низ сите селски и манастирски светилишта на посочената територија, почнувајќи од селото Драгош, крај самата гранична линија со Р. Грција, по источниот, битолски дел на потпелистериeто, па преку преминот Ѓавато, кон преспанскиот дел и се до селото Долно Дупени на крајниот југ од западниот дел на планината. Беа посетени повеќе од 40 потпелистерски села во кои или околу кои се поставени преку 100 христијански светилишта, датирани од 10/11 па се до првата половина на 20 век. Во рамките на теренските активности беше изведено фотографирање на црковните споменици. На повеќе од илјада фотографии документирани се највпечатливите фасадни површини, ентериерите, иконостасите, детали од ѕидното сликарство, иконописот и други предмети од значење за објектите кои беа предмет на нашето интересирање. Од големо значење беа контактите и сугестиите кои ги добивме од претставниците на локалната самоуправа, односно на општините Битола и Ресен. Како многу важни, ги респектиравме ставовите на одговорните лица од Националниот Парк "Пелистер" и другите јавни институции, претставниците на граѓанскиот сектор а најповеќе на одговорните авторитети од М.П.Ц., Преспанско – пелагониската митрополија, како сопственик на православните храмови.

За текот и динамиката на работите постојано беше консултиран договорниот орган, односно, Центарот за развој на пелагонискиот плански регион, со чии претставници во неколку наврати беа разгледувани, уточнувани и усмерувани сите активности.

Резултатите кои произлегоа од наведените активности, во целост ја потврдија оправданоста од реализацијата на оваа програма. Се покажа дека регионот кој го опфаќа планината Баба, изобилува со исклучително значајни и богати христијански храмови. Хронолошки гледано, спомениците ги поделивме на градби од класичниот средновековен период ( Велушина, Курбиново, Грнчари), периодот на туркократијата или на поствизантиски споменици (Слимница, Брајчино, Асамати, Љубојно, Граешница) и убедливо најмногу, на цркви од 19 век или од времето на големата обнова на христијанските светилишта, поврзана со Преродбата во Македонија. Исто така за одбележување се констатациите за

постоењето на неколку зографски работилници од периодот на 19 век, лоцирани воглавно во битолските потпелистерски села Магарево и Трново.

Со каталошката обработка  ги опфативме најзначајните споменици во регионот. Материјата е збогатена со кратки житија на светителите кои се застапени со храмови на посочената територија. Изнесени се термините на традиционалното прославување на храмовите слави. Заради објаснување на помалку познатите стручни термини, кон текстот е приклучен и краток терминолошки речник.

Дадени се неколку рути на поврзување помеѓу црквите и манастирите. Почитувани се притоа традиционалните патеки низ планината, кои верниците ги користеле од дамнина. Направивме обид за комбинирање на планинските патеки со регионалните и магистралните патни правци, кои би можеле по наше мислење да формираат сериозен туристички потенцијал за локалното население и регионот. Некои веќе познати искуства се обидовме да ги оплемениме со повеќе значења и содржини. Како многу значајна осовина која ги обединува патеките на поврзување меѓу манастирите и бројните природни убавини со кои изобилува Националниот Парк “Пелистер, се потврди локацијата на Големото Езеро, во срцето на планината.

Од можните поврзувања по теми или по вредности, направен е обид преку исползувањето на неколку важни историски, природни и духовни специфики, да се поставaт можности и перспективи кои во иднина ќе можат да се надоградуваат и дополнуваат. Притоа водевме сметка да опфатиме што поширок спектар на чинители. Како примери врз кои може во иднина инспиративно да се надоврзуваат и други активности тесно поврзани со туристичката понуда ги издвоивме населбите и спомениците по античкиот пат Виа Егнатиа; Патот по Светите води како и бројните светилишта посветени на римската маченичка Св. Петка, лоцирани во десеттина населби.

*Од Авторот*

## Ж и т и ј а
## на светителите  кои се присутни со свои храмови во регионот на планината Баба

### Св. Атанасиј Велики

Бил роден во Александрија во 296 година. Се прославил на I Вселенски собор со својата ученост и посветеност кон православието. Придонесол за сузбивање на Ариевата ерес и за зацврстување на христијанството. Го напишал Символот на верата, кој бил усвоен на соборот. Бил избран за архиепископ Александриски, должност што со прекини ја извршувал повеќе од 40 години. Поради тоа кај почитувачите е познат и како Атанасиј Александриски. Речиси скоро целиот свој живот бил прогонуван од еретиците. Малку се светители кои биле толку безобѕирно и свирепо прогонувани како св. Атанасие. Се упокоил во 373 година. Се прославува на 18/31 јануари

Тој е еден од најпочитуваните светители и нему му се посветени многубројни храмови во потпелистерскиот регион. Неговото име го носат црквите во **Брајчино, Грнчари, Д. Дупени, Љубојно, Наколец, Претор, Сливница, Штрбово, Маловишта, Цапари, Велушина**

### Св. Ана

Ана била ќерка на свештеникот Матан, од коленото Левиево. Се омажила во Назарет за Јоакима. Педесет години живееле во брак Јоаким и Ана и биле неплодни. Најпосле нивните молитви кон Бога  да им подари едно чедо во староста биле услишани. На секого од нив посебно им се јавил архангел Гаврил  и им кажал дека ќе имаат ќерка. Св. Ана зачнала и ја родила св. Дева Марија. Кратко  потоа откако поживеала на земјата 79 години, Св. Ана се упокоила.

Нејзиното успение се чествува на 25.07 според стариот стил или пак на 07.08. по официјалниот календар.  Познат е манастирот посветен на св. Ана во с**. Маловишта**, каде главната прослава се одвива на споменатиот датум. На 09. односно 22. 12. во истиот манастир се одбележува денот кога св. Ана зачнала, за по девет месеци да ја роди ќерката Марија.

Забележлива е најстарата претстава на св. Ана, прикажана во цела фигура како Млекопитателница,  во фреско техника, од црквата Св. Ѓорѓи во Курбиново од 1191 год.

**Св. Димитриј**

Овој славен и чудотворен светител е роден во градот Солун од благородни родители. Неговиот татко бил солунски војвода, па кога таткото умрел, царот го поставил Димитриј за војвода на местото на таткото. Но набрзо потоа, Димитриј, спротивно на инструкциите на царот Максимијан, почнал да го исповеда и проповеда Господ Исус Христос. Кога за тоа слушнал царот, многу се разгневил и набрзо дошол во Солун за да ја испита работата. Штом го повикал војводата Димитриј и го испрашувал за верата, овој јавно признал дека е христијанин. Разлутениот цар го испратил Димитриј во затвор а

по неколку дена ги испратил и неговите војници за да го убијат. Тие го нашле Божјиот светител на молитва и го избодиле со копја. Неговото тело тајно го зеле христијаните и чесно го погребале. Од телото на светителот потекло исцелително миро со кое многу болни се излекувале. Подоцна, во текот на Османлиската доминација на Балканот од верниците е доживуван како воин, кој се залагал за опстојување на православната вера.

За неговиот углед зборуваат и храмовите во регионот на Баба планина како оние во **Магарево, Буково, Дихово, Брусник, Љубојно, Д. Дупени, Сливница, Штрбово,**

**Св. Никола**

Овој почитуван светител, славен и денес низ целиот свет, уште од најраната возраст се посветил на духовен живот. Со чудна Божја промисла бил избран за архиепископ во градот Мир во областа Ликија. Со неговата милозливост, мудрост и бестрашност долги години бил вистински добар пастир на своето стадо. Во времето на гонењето на христијаните под Диоклецијан и Максимијан бил повеќепати затворан. Писуствувал на I вселенски собор во Никеја каде што силно се спротиставил на еретикот Ариј. Уште за време на неговиот живот го сметале за светител и го повикувале на помош во маките и проблемите а тој им помагал на сите подеднакво. Се упокоил на 6 декември 343 година.

Неговото влијание меѓу христијанските верници е осведочено и со големиот број на храмови кои му се посветени. Такви се црквите во **Арвати, Брајчино, Крани, Љубојно, Наколец, Рајца, Сливница, Штрбово, Драгош, Лавци, Ротино**

Св. Меркуриј

Бил член на војската на царот Декиј. Кога еднаш се водела битка против варварите на војводата Меркуриј му се јавил ангел Божји, му дал меч во рацети и му рекол дека тој ќе го победи непријателот. По таа славна победа царот Декиј го назначил за прв војвода на својата војска. Но кога царот разбрал дека Меркуриј е христијанин, го подвргнал на долги и тешки измачувања. Најпосле, била изречена пресудата Меркуриј да се исече со меч во обласа Кападокија. Кога го исекле, неговото тело постанало бело како снег и од него излегол преубав мирис од темјан. Потоа многу болни се исцелиле од неговите чудотворни мошти.

Култот на св. Меркуриј не е многу распространет во нашиве краишта но во подножјето на планината Баба во селото **Барешани** е познат манастирот посветен на Св. Меркуриј.

Успение на св. Богородица

Настанот се случил на 15 август според стариот или на 28 август според официјалниот календар. Св. Богородица по распнувањето на нејзиниот син Исус Христос, по негова воља, остатокот од животот на земјата го поминала на Сион бо Ерусалим, во домот на апостол Јован. Сето време таа го поминува во молитви, во обиколка на Голгота, Витлеем и гората Елеонска. Од нејзините подолги патувања се споменува нејзината посета на Св. Гора, која таа ја благословила и престојувањето во Ефес со св. Јован за време на големото гонење на христијаните во Ерусалим. Кога во една прилика архангелот Гаврил и соопштил дека по три дена ќе биде упокоена, таа посака уште еднаш да ги види сите Христови апостоли. Господ и ја исполнил оваа желба и сите апостоли носени од ангели и облаци наеднаш се собрале во домот Јованов на Сион. Откако ги видела светите апостоли таа мирно го предала духот свој на Бога без никаква мака и болест телесна. Само апостолот Тома се задоцнил и пристигнал дури третиот ден по настанот. Но кога тој посакал да го целива телото на Светата Пречиста во гробот, ја нашле само плаштеницата а телото не било во гробот.

На празникот Успение на св. Богородиоца во регионот, се посветени храмовите во с. **Трново, Ѓавато, Љубојно, Долно Дупени, Арвати, Крани**.

Рождество на св. Богородица

Празникот се прославува на 08. септември по стариот календар, односно на 21. септември според официјално важечкиот календар. Св. Дева Марија се родила од своите родители Јоаким и Ана. Татко и бил од царски род од родот Давидов а по мајка од родот архијерејски, од родот Аронов. Нејзините родители биле веќе стари и долго немале деца. И затоа биле посрамени пред луѓето и скрушени пред Бога. Во таквата состојба, се молеле пред , со молба да ја развесели нивната старост со дарување на едно чедо. И Бог семоќен и севидлив

ги израдувал со радост што далеку ги надминала сите нивни очекувања и сите најубави соништа. Била родена во Назарет, а после 3 години одведена во храмот ерусалимски, од каде повторно се вратила во Назарет, за наскоро да ја чуе благовеста на св. Архангел Гаврил за раѓањето на Синот Божји, од нејзиното пречисто и девственичко тело.

На овој празник се посветени црквите во с. **Сливница, Љубојно**

**Воведение на Пресвета Богородица – Пречиста**

Кога Пресвета Дева Марија навршила три години од раѓањето, нејзините свети родители Јоаким и Ана ја довеле од Назарет во Ерусалим за да ја предадат на Бога на служба според своето претходно ветување. Од Назарет до Ерусалим имало три дена пат. Напред оделе девиците со запалени свеќи во рацете, па потоа Пресвета Дева, водена од една страна од својот татко а од другата од мајката. Во храмот ја пречекал првосвештеникот Захариј, таткото на св. Јован Претеча. Тогаш родителите принесле жртва на Бога, според законот, примиле благослов од свештеникот и се вратиле во својот дом, а Пресвета Дева останала при храмот. Додека и биле живи родителите, честопати ја посетувале, а посебно блажената Ана. И  Пресвета Марија престојувала во храмот полни 9 години.

На овој настан посветен е храмот во с. **Граешница**,

**Св. Петка Римјанка**

Била родена во Рим од христијански родители и од детството  воспитувана во верата Христова. Кога и умреле родителите, Параскева им го разделила целиот свој имот на бедните  а таа се замонашила. Како монахиња со голем жар ја проповедала верата Христова не криејќи се од никого, иако во тоа време христијанството било крваво гонето од римските власти. Подоцна се упатила низ светот да го шири христијанското учење. Била прогонувана и измачувана од повеќемина тогашни владетели за да најпосле при крајот на својата мисија царот Тарасие наредил светителката да се обезглави. Така маченички го завршила својот плоден живот. Нејзините мошти подоцна биле пренесени во Цариград каде и биле посветени две градби. Се празнува на 26 јули по стариот календар односно на 08 август по актуелниот календар.

Често се мисли дека римската маченичка св. Петка го стекнала своето почитување меѓу широките слоеви благодарение на верувањата дека им помага на луѓето при болести и секојдневните незгоди. Таа истовремено била и заштитничка на мртвите па често нејзе и биле посветувани гробјанските цркви. За нејзината популарност сведочат големиот број на храмови во потпелистерскиот

регион. Од нив најпознати се оние во с. **Брајчино, Долно Дупени, Подмочани, Претор, Сливница, Штрбово, Маловишта, Цапари, Нижеполе, Ореово**.

## Св. Илија

Св. Пророк Илија, боговидец и чудотворец, бил родум од племето Ароново од градот Тесвит. Сета своја младост ја посветил во молитви кон Бога, повлекувајќи се често во пустински услови, каде во тишина размислувал и се молел. Во многу случаи св. Илија ја докажувал силата и власта Божја. Тој го затворил небото та немало дожд три и пол години, спуштил оган од небото а на планината Хорив разговарал со Бога и го чул гласот Божји. По многу настани, се вознесол на небото во огнена кочија со огнени коњи. На горат Тавор се јавил заедно со Мојсеј на нашиот Господ Исус Христос. Според Откровението, пред крајот на светот св. Илија повторно ќе се јави за да ја поништи силата на Антихристот. Се прославува на 20 јули./ 02. август.

Нему му се посветени храмови во с. **Грнчари, Крани, Љубојно, Брајчино, Велушина, Драгош**.

## Св. Недела

Од детството, св. Недела се посветила на Бога, воздржувајќи се од се што повеќето деца го правеле. Кога пораснала како лична девојка по тело и по душа, дошле многумина да ја побараат за сопруга, но таа сите ги одбила, велејќи дека себе си се ветила на Христа Господа. Кога за ова разбрал царот Диоклецијан, ја испратил св. Недела на суд кај Максимијан кој наредил да се измачува за да ја скрши нејзината верба. Најпосле после многу измачувања наредени од повеќемина безбожници, и била отсечена главата. Тоа се случило во областа Никомидија во 289 година. Се празнува на 07./20. јуни.

На оваа светителка посветени и се храмови во с. **Арвати, Асамати, Претор, Велушина.**

## Вознесение Христово

Овој празник се празнува четириесеттиот ден од Христовото Воскресение. Настанот се случил во Витанија, кога Исус ги одвел своите ученици до Елеонската Гора, ги кренал рацете, ги благословил и се вознесол на небото. Во народот овој ден се нарекува Спасовден затоа што во овој ден се доврШило делото на спасение и искупување.

На овој настан се посветени црквите во с**. Граешница, Маловишта, Брусник**

## Преображение Христово

Во третата година од Својата проповед на земјата, Исус често им зборувал на своите ученици за страдањето што го очекува. Но истовремено пред да се случи страдањето, сакал делумно да им ја покаже и Својата божествена слава. При еден настан ги зеде Исус со себе апостолите Петар, Јаков и Јован и ги поведе на гората Таворска. Наеднаш таму тој се преобрази пред нив, лицето му светна како сонце а алиштата му станаа бели како светлина. Притоа се јавија пророците Илија и Мојсеј кои разговараа со него. Кога учениците го виделе призорот, падналe ничкум и многу се исплашиле. Но Исус штом се приближи до нив им рекол да станат и да не се плашат.

Овој настан се празнува на 06 односно на 19 август.

Нему му се посветени храмовите во с. **Гопеш и Буковскиот манастир**.

## Св. Петар и Павле

Св. Петар бил рибар и се викал Симон, но Господ сакал да го нарече Петар, што значи камен. Тој прв од учениците ја изразил верата во Исус. По слегувањето на Светиот Дух, Петар прераснал во безстрашен и силен проповедник на Евангелието. Вршел проповеди во Ерусалим, Палестина, Мала Азија, Илирија и Италија. По заповед на императорот Нерон, Петар бил осуден на смрт. Видувајќи го крстот пред себе пред егзекуцијата, ги замолил своите џелати да го распнат наопаку, бидејќи се сметал себеси за недостоен да умре на ист начин како и Господ.

Св. Павле се викал Савле и најпрво бил прогонител на христијанството. Бил преобратен кон верата од страна на самиот Господ, кога му се јавил на патот за Дамаск. Се смета за најголем мисионер меѓу апостолите, кој бил обезглавен во Рим, во времето на царот Нерон кога и апостол Петар.

Се празнуваат на 29. Јуни, односно на 12. јули. Нивни храмови се подигнати во с. **Љубојно, Подмочани, Сливница, Крстоар**

## Св. Марина

Родена била во Антиохија Писидиска од нехристијански родители. За Христос слушнала дури кога наполнила 12 години. Поради посветувањето кон христијанството, најпрво дошла во конфликт со нејзиниот татко. Потоа се нашла во затвор каде што морала да се справи со ѓаволот. Била обезглавена во времето на царот Диоклецијан. Св. Марина или Огнена Марија се празнува на 17. јули/30 јули.

Нејзиниот култ е почитуван во охридско-преспанскиот регион. Во селото Ланга на албанска територија, над Охридското езеро се наоѓа манастир посветен на оваа светителка, надалеку познат по чудата што се случувале во него. Нејзини параклиси постојат во преспанското крајбрежје и тоа во с. Љубојно и Асамати.

### Св. Спиридон

Бил роден на островот Кипар. Во младоста бил женет и имал деца но кога жена му умрела, тој се предал во служба на Бога. Подоцна бил избран за епископ но тој и тогаш не го променил неговиот едноставен начин на живот, трудејќи се сам околу својата стока и обработувајќи ја земјата. Учествувал на I Вселенски собор во Никеја. Се упокоил во 348 година. Неговите чудотворни мошти се чуваат на островот Крф а се празнува на 12. декември, односно 25. декември според официјалниот календар.

Свој храм овој светител има во с. Сливница.

### Св. Сава Осветен

Бил роден во Кападокија. Во 8. година се замонашил а по 10 години заминал во палестинските манастири каде што и најдолго се задржал. Подоцна отишол во пустина и во една пештера поминал во самотија 5 години. Основал седум манастири и се смета за едно од најголемите светила на православието на Исток. Се упокоил во 532 година во 94 година од животот.

Се празнува на 05./18. декември, а како негово светилиште во нашиве краишта се смета храмот во непосредна близина на селото Претор, кај месноста Калиѓери, кој делувал како метох на Сливничкиот манастир.

### Св. Теодор Тирон

Св. Теодор стапил во војска во времињата кога почнало гонењето на христијаните од царевите Максимијан и Максимин. Бидејќи св. Теодор не сакал да крие дека и тој е христијанин, бил изведен на суд и фрлен во самица. Подоцна тој бил измачуван и осуден на смрт со фрлање во оган. Пострадал во 306 година. Се чествува на 17.февруари/02.март. Негов параклис постои во с. Претор.

## Св. Јован Крстител

Св. Јован се прославува неколку пати во годината, но најмногу славеници има на 07./20. Јануари. Меѓу евангелските личности, св. Јован зазема посебно место, како според начинот на своето доаѓање, според начинот на животот во светот, според улогата на крштевање на луѓето за покајание и крштевањето на Месијата како и трагичното заминување од овој свет. Тој бил со таква морална чистота што можел да се нарече ангел, како што и го нарекува светото писмо. Од сите други пророци св. Јован се разликува по тоа што токму тој ја имал можноста со сопствената рака на светот да му го покаже Исус Христос, оној за кого пророкувал и бил негов претходник на земјата.

На овој светител посветени се црквите во с. **Штрбово**.

## Крстовден – Воздвижение на Чесниот Крст

На овој празник се празнуваат две случувања поврзани со Чесниот Крст на кого бил распнат Христос. Првото било пронаоѓањето на Крстот од страна на св. царица Елена а другото, подоцнежно, било враќањето на Чесниот Крст од Персија во Ерусалим. Кога царицата Елена обиколувајќи ја Светата Земја намислила да го најде Чеснит Христов Крст, дознала дека истиот е закопан на местото Голгота под храмот на Венера. Царицата наредила да се разурне тој храм и копајќи во длабочина наишла на три крста. За да ја расчистат дилемата кој од тие три крста е вистинскиот Христов Крст, на предлог на патријархот Макариј, решиле да ја запрат поворката со еден мртовец која покрај тоа место поминувала во моментот. Кога ги ставиле првиот и вториот крст врз мртовецот тој останал да лежи непроменето. Но кога го ставиле и третиот крст, мртовецот оживеал. Потоа го ставиле и на една болна жена и таа оздравела. Кога се увериле дека е тоа чеснот и животворен Крст Христов, патријархот Макариј го воздигнал Крстот сиот народ да го види.

На овој настан кој се празнува на 14./27. септември, посветена е селската црква во с. **Курбиново**.

## Св. Христофор

Тој е светител од Палестина кој живеел во третиот век. Како човек бил со висок раст и физички многу силен. На своите патувања се сретна со еден пустиножител кој се обидел да го поучи за христијанството. Но Христофор не сакал да пости, плашејќи се дека ќе ја изгуби својата сила. Најпосле пустиножителот го испратил

кај една река, каде Христофор ги префрлувал луѓето преку надојдената вода. Една ноќ додека спиел, го повика едно мало дете и го замоли да го пренесе преку реката. Христофор го ставил детето на рамо, го зел својот стап и тргнал низ реката. Но како тргнал напред, струјата станувала посилна а детето се потешко и потешко. Откако со најголем напор пристигнал на другиот брег и својот патник го спуштил на земја, Христофор го прашал детето, кој е тој всушност, кога има тежина како да го носел целиот свет на рамото. На тоа детето одговорило, дека тој всушност, не го носел само целиот свет на рамо, туку и самиот творец на тој свет, Исус Христос. Според тој настан, Христофор најчесто се прикажува како гази во водата, со малиот Исус на рамена. Се прославува на 30. август односно на 12. Септември. На овој светител му е посветена црквата во манастирот над селото **Крстоар**.

### Св. Архистратиг Михаил

Неговата функција во небесната хиерархија е како војсководец на небесната војска, архистратиг или војник заштитник. Михаил на еврејски јазик значи: “кој е како Бог“ или “кој е рамен на Бога“. Од најстарите времиња св. Михаил е претставуван како војвода, кој во десната рака рака држи копје со кое ја прободува сатаната а во левата палмова зелена гранка. Тој посебно се смета како чувар на православната вера и борец против верските ереси.

Се празнува на 8./21. ноември, а нему му се посветени храмови во с. **Асамати, Арвати**, **Претор**.

Овој голем архистратиг Божји, се празнува и на 06/19 септември, на денот кој е посветен на споменот на чудата на св. Архангел Михаил. На овој датум се празнува и е посветена црквата во с. **Д. Дупени**.

### Св. Варвара

Уште од најраното детство оваа светителка се посветила на Христовата вера, без оглед на тоа што татко и кој бил незнабожец, ја затварал во висока кула, опкружена со сите удобности и разни идоли за поклонување. Кога еднаш нејзиниот татко се оддалечил од градот, таа излегла од кулата и се сретнала со некои христијанки кои и ја разгориле љубовта кон Христос. Штом нејзиниот татко по име Диоскор дознал за верата на својата ќерка, ја фатил и ја одвел кај началникот на кого му ја предал на измачување. Најпосле после многу измачувања ја извеле на губилиште при што самиот татко лично си ја заклал ќерката. Света Варвара пострада во 306 година. Се празнува на 04. односно на 17. декември. Нејзе и е посветена црква во с. **Драгош**.

## С. Јован Богослов

Св. Јован Богослов, апостол и евангелист бил еден од најголемите следбеници на Исус Христос. Кога сите други го оставиле Распнатиот Христос тој останал со св. Богородица под крстот. По тој настан тој грижливо и служел на св. Дева Марија се до нејзиното успение. Подоцна Јован, со својот ученик Прихор го проповедал Евангелието низ Мала Азија. Најмногу престојувал во Ефес. Заради неговите вдахновени проповеди со кои многумина обратил во христијанството, бил испратен во прогонство на островот Патмос. Тука го напишал своето Евангелие и Откровението. По ослободувањето од прогонство се вратил во Ефес. Имал повеќе од 100 години кога се претставил пред Господа. Денот на неговото упокојување се празнува на 26 септември според стариот календар, односно на 09 октомври според официјалниот нов календар.

На 08/21 мај се празнува чудото пројавено на неговиот гроб, кој кога по некое време, неговите следбеници го откопале не го нашле телото во гробот.

На овој голем светител посветена му е селската црква во с**. Љубојно**.

## Св. Георгиј

Овој славен и победоносен светител бил роден во Кападокија од богати и благочестиви родители. Штом пораснал на својата дваесетта година, Георгиј отишол во војска, на служба при царот Диоклецијан. Кога царот почнал да ги гони христијаните, го подвргнал и Георгиј на големи измачувања. Но при сите маки св. Георгиј непрестано се молел на Бога и бил веднаш исцелуван. Народот кој ги следел настаните со восхит масовно ја примал верата Христова. Меѓу нив била и царската жена Александра. Најпосле царот Диоклецијан ги осудил Георгија и неговата жена на погубување со меч. Св. Георгиј бил обезглавен во 303 година. Многубројни биле чудата што се случиле на неговиот гроб. Бројни биле и неговите јавувања на мнозина кои го спомeнале и ја побарале неговата помош, бидејќи Господ го дарувал со сила и власт да им помага на бедните и во неволјите на сите оние што го повикуваат иславаат. Се празнува на 23 април/ 06 мај, на празникот кој меѓу ведниците е познат како Ѓурѓовден.

Во спомен на овој светител подигнати се во потпелистерјето, црквите во с. **Курбиново, Велушина, Маловишта, Цапари, Магарево**.

# Цркви во Ресенскиот дел на Баба Планина

## Св. Петар и Павле, Љубојно

Селото Љубојно се наоѓа на 28 км. јужно од Ресен, на надморска висина од 890 м. Своевремено претставувало центар на регионот познат како Долна Преспа. Значајно е по својата станбена архитектура, во која се гледа дискретен премин од традиционалната кон градската архитектура. Населбата е богата со христијански храмови и параклиси. Како главна селска црква се издвојува Св. Јован. Други градби се Св. Атанасие, Св. Богородца, Св. Никола, Св. Димитриј, Св. Илија и Св. Марена.

Интересно архитектонско остварување, претставува црквата посветена на христовите првоапостоли св. Петар и Павле. Комплексот со храмот, чешмата и

Камбанаријата е лоциран во пошумениот дел од планината на едно мало плато над селото Љубојно. Од селото до црквата може да се пристигне со пешачење по земјениот шумски пат за околу 30 минути. Оваа локација најпосетена е на денот на прославувањето на празникот св. Петар и Павле на ---, кога покрај локалното население, тука доаѓаат верниците од поширокиот регион на Преспа како и бројните иселеници низ дијаспората.

Главното светилиште според натписот во медаљонот на западната фасада е завршено во 1923 година, со средства на Никола Христов Стасовски од Љубојно. Фасадите на западната, јушната и северната страна се декорирани во духот на архитектурата која се негувала во периодот помеѓу двете светски војни. Во горните делови тие имаат триаголни завршетоци, врз кои се надоврзува кровната конструкција во форма на крст во чиј центар се издигнува куполата, со осумстраниот тамбур. Со внатрешноста на храмот се комуницира преку двата влеза на западната и северната фасада. Ентериерот е решен без употреба на столбови. Таванот е конструиран од два вкрстени полукружни сводови, на чие средиште е куполата од која се спуштаат висечки пандантифи, лачно поврзани помеѓу себе. Низ четирите прозорци поставени на тамбурот се обезбедува осветлувањето на куполниот простор кој е насликан во целост.

Источниот, олтарен дел на храмот се потпира на висока камена спила, со која практично се затвара олтарниот простор од источната страна. Иконостасот е подигнат од висинската кота на подот од наосот, со помош на три скалила по целата широчина на храмот. Тој преставува едноставна дрвена преграда со два реда на икони, царки двери и врата на северниот дел.

Јужно од црквата, во непосредна близина се наоѓа чешмата, која според натписот е изградена истовремено со храмот. Од северната страна, практично на влезот во комплексот се издигнува камбанаријата, со дрвени скалила, од каде се овозможува прекрасна глетка кон селото Љубојно и Преспанското езеро.

### Св.Апостол и Евангелист Јован Богослов, Љубојно

Главната селска црква во с. Љубојно е посветена на апостолот Христов и еден од четворицата евангелисти , св. Јован Богослов. Лоцирана е во централниот дел на населбата. Според записот со годините над јужниот влез, храмот е подигнат во 1861 год. а подоцна откако бил опожарен во 1903 г., повторно е обновен во 1921. Автентичната фасадна структура на надворечните ѕидови, е сочувана само на полукружната апсида, изѕидана од убаво обработени камени квадери. Сите останати ѕидови се премалтерисани вклучително и куполата со осмостраниот тамбур. Во периодот по изградбата и реставрирањето на црквата на западната страна се придодадени нови помошни простории. Главниот влез во црквата се наоѓа на јужната фасада. Внатрешност со два реда на столбови е поделена надолжно на три кораби. На олтарната преграда има два реда на икони. Во основниот ред се насликани вообичаените претстави за престолни икони а горе се допојасјата на апостолите и сцени од Великите празници. Според натписите врз иконите, тие се создадени во периодот 1924 – 1925. Иконите од певницата, поставена врз еден од северните столбови, се дела на истиот зограф работени во 1928 год.

Од истата година е датирано ѕидното сликарство во апсидалната конха и во нишата од протезисот. Во наосот на црквата врз сводните партии и страничните ѕидови нема сочувани остатоци од ѕидно сликарство.

### Св. Атанасиј Александриски, с. Љубојно

Покрај земјениот пат кој води од селото Љубојно кон црквата Св. Петар и Павле, на една височинка, се наоѓа црквата посветена на Св. Атанасиј Велики. Објектот претставува мала еднокорабна градба со тристрана апсида на исток и влез на западната страна. Во поново време црквата е малтерисана. Сите преправки, според натписот врежан во малтерот над влезот од надворешната страна, најверојатно се направени во 1968 год. Внатрешноста на црквата со олтарната преграда е поделена на наос и олтарен простор. Иконостасот со трите престолни икони се издига скоро до таванот. Иконите според натписите кои се наоѓаат на нив потекнуваат од 1929 година.

Најважната содржина, со која го задржува вниманието оваа црква, се остатоците на ѕидното сликарство врз источниот ѕид од олтарниот простор. Според стилските карактеристики како и според сочуваниот натпис ова сликарство потекнува од првите децении на 17 век.

### Св. Богородица Пречиста, с. Љубојно

Оваа мала еднокорабна црква е сместена во источниот дел од Љубојно. Несомнено дека врз неа се вршени повеќе преправки, во различни временски периоди, се до најново време. Црквата има полукружна апсида на исток и единствен влез од западната страна. На југозападниот агол од храмот сочуван е еден немалтерисан камен врз кој е испишана 1852. годината. Оваа година како и дел од иконите на иконостасот, не

наведуваат на помислата дека кон средината на 19 век се извршени посериозни интервенции. Од иконописната содржина во црквата, застапени се и неколку икони од 1929 до 1937година.

На источниот ѕид од олтарниот простор, слично како и во црквата Св. Атанасиј од истото село, е сочувано ѕидно сликарство кое според стилските карактеристики може хронолошки да се датира во првата половина на 17 век. Од останатите композиции заслужуваат внимание претставите на св. Богородица со Христос во калотата од апсидата и претставата на Христовото Вознесение во горните партии.

### Св. Никола во с. Рајца

Селото Рајца се наоѓа помеѓу селата Грнчари и Курбиново, на околу еден километар над регионалниот пат кој проаѓа од месноста "Макази" кон Д. Дупени. Црквата Св. Никола се наоѓа во рамките на самата населба, во оградениот простор заедно со селските гробишта. Таа претставува мала еднокорабна градба со полукружна апсида на источната страна. Според своите карактеристики најверојатно е изградена во втората половина на 19 век. Во поново време од нејзината северна и западната страна се доѕидани затворени тремови и е извршено малтерисување на фасадите. Влезовите кон внатрешноста се поставени на северниот и западниот ѕид. Живопис е сочуван покрај иконостасот од северната страна на наосот со претставата на св. Ѓорѓи и во двете ниши од североисточниот агол на олтарниот простор.

Олтарната преграда или иконостасот во оваа црква претставува соема едноставна дрвена конструкција со три реда на икони. Во средината се поставени царските двери врз кои е насликано Благовештението на св. Богородица. Кон северниот ѕид, на вратата од влезот во олтарниот простор, насликана е фигурата на Архангел Михаил. Како карактеристика на овој иконостас може да се каже дека сите останати икони почнувајќи од престолните па до двата горни редови се исполнети со поединечни, допојасни претстави на светци. Според стилските карактеристики потекнуваат од една, засега непозната зографска работилница од втората половина на 19 век.

### Успение на Св. Богородица, с. Долно Дупени

Селото Долно Дупени се наоѓа на крајниот јужен дел од територијата на општина Ресен, како последно населено место на регионалниот пат Макази – Претор – Љубојно – Маркова Нога. Од Ресен е оддалечено 34 км. а надморска висина на локацијата изнесува 890 м., или околу 40 метри повисоко од нивото на езерото. Атарот на селото допира до граничната линија со Р. Грција, како и до источниот брег на Преспанското Езеро. И оваа населба, слично како и нејзините соседи Љубојно и Брајчино изобилува со христијански светилишта. На локалитетот од постарата населба сеуште егзистираат храмовите Св. Богородица, Св. Атанасие. Источно од селото има уште неколку цркви: Св. Петка, Св. Врачи, Св. Никола. Југоисточно се Св. Илија и Св. Филип а јужно Св. Димитриј. Во рамките на денешната населба се наоѓа црквата Св. Архангел Михаил.

Црквата Успение на Св. Богородица се наоѓа над денешното село Долно Дупени, во просторот кој помеѓу мештаните е познат како Горно Село. До светилиштето се доаѓа со пешачење по земјениот шумски пат, во времетраење од околу 30 – 40 минути, почнувајќи од денешната местоположба на селото.

Црквата посветена на св. Богородица, како храмова слава го чествува 28 август, денот на Успението на св. Богородица. Изградена е на почетокот на 20 век и претставува пример за црковното градителство, сликарство и дрвена резба од периодот пред речиси сто години. Градбата има трилисна или крстовидна форма, со калоти на јужната, северната и источната страна. Најгоре доминира куполата поставена на осумстран тамбур со четири отвори за прозорци. Влезовите кон црквата се распоредени на западната и северната фасада а од северната страна кон исток постои и директен влез во олтарниот простор. Внатрешноста на градбата делува доста пространо. Иконостасот изведен во резба, со отвори за два реда на икони, подигнат е од нивото на наосот со три скалила. Внимание привлекуваат и амвонот или певницата како и владичиниот трон, сите декорорани со дрвена резба. Резбаниот инвентар, според сочуваните натписи, е дело на браќата Нестор и Лазар Алексиеви од с. Осој – Дебарско. Работите ги завршиле ви текот на 1908 и 1909 год. Од присутните мотиви на резбаната декорацијата, доминира флоралната стилизирана орнаментика.

Сликаните икони на иконостасот се исто така работени во 1909 година и се дела на браќата Крсте и Коста Николови од с. Лазарополе. Нивни се и големите икони сместени на ѕидовите, јужно и северно од иконостасот, како и иконите на Исус Христос и евангелистите на певницата.

Во црквата се наоѓаат и неколку постари икони, кои зборуваат за постарата историја на овој храм.

### Св. Атанасиј, с. Долно Дупени

Југозападно од црквата Св. Богородица, на растојание од околу 1 км., се наоѓа црквата Св. Атанасиј. Во нејзината непосредна околина, низ обраснатиот предел, се распознаваат остатоци од темели на објекти, како и стари гробови. Храмот претставува едноставна градба, со ѕидови од необработен фугиран камен и полукружна апсида на источната страна. Само околу јужниот влез во наосот, вградени се обработени камени блокови, кои го формираат полукружно засведениот премин. Внатрешноста од наосот, јужниот и северниот ѕид прекриена е со ѕидно сликарство. Според натписот над јужниот влез од внатрешната страна, живописот е датиран во 1864 година. Истите непознати мајстори во таа прилика ги насликале и ѕидовите во олтарниот простор како и западниот дел од црквата, односно нартексот. На многу места, под сликарството нанесено во 19 век, најповеќе на местата каде се одлуштени парченца од живопис, се наѕираат остатоци од постар слој на сликарство. Ова постаро сликарство, кое според стилските каралктеристики најверојатно потекнува од 17 век, најзабележливо е на источниот ѕид од олтарниот простор. Импровизираниот иконостас, составен е од икони изработени во различни временски периоди и тоа од 17, 18 и 19 век. Најголем дел од иконите

потекнуваат од периодот на поствизантиското сликарство и тие можат да се поврзат со постариот слој на ѕидно сликарство во црквата.

### Св. Архангел Михаил, с. Долно Дупени

На територијата од денешното село Д. Дупени, се наоѓа црквата посветена на споменот на чудата на Св. Архангел Михаил. Прославувањето на овој празник, кое се случува на 19 септември, претставува истовремено и селска слава. Храмот претставува еднокорабна градба со полукружна апсида и влез од јужната страна. Според податоците се кои располагаме црквата е изградена на старо култно место во 1883 година Во поново време сите надворешни ѕидиви се измалтерисани, а врз западната и делумно северната фасада се прилепени неколку помошни простории. Во внатрешноста на црквата, ѕидно сликарство има само зад владичиниот трон во централниот дел а во олтарниот простор во нишата од жртвеникот и главната апсидална конха. Тоа потекнува од 1894 година, односно од периодот кога населбата полека од локацијата на некогашното Горно Село постепено се префрла на денешната местоположба.

Олтарната преграда е со  два реда на икони изработени од истиот мајстор што го работел ѕидното слокарство. Според испишаните години и тие се датирани заедно со изработката на целиот иконостас во 1894 година.

### Св. Ахангел Михаил, с. Асамати

Веднаш крај рибарското селото Асамати, до самиот брег на Преспанското Езеро, е малото црквиче посветено на св. Архангел Михаил. Покрај малата еднокорабмна градба во поново време од јужната, западната и северната страна се прилепени помошни простории во вид на затворени тремови и се направени премалтерисувања на ѕидовите во наосот и дел од олтарскиот простор. Од зачуваниот натпис, што се наоѓа на источниот ѕид од олтарскиот простор, дознаваме дека црквата е живописана во четвртата деценија од 17 век. Сочуваното сликарство од олтарскиот простор, е истовремено и најзначајната содржина што ја поседува овој мал храм, како едно веродостојно сведоштво за уметноста од првата половина на 17 век во Преспа. Тука се сочувани неколку композиции и поединечните ликови на св. Атанасиј, св. Василиј, св. Јован Златоуст и св. Григориј, како учесници во архијерејската литургија, насликани во долната зона од нишата на апсидата. Над нив е св. Богородица со малиот Христос пред себе а во најгорната зона е композицијата со Вознесението Христово. Лево и десно од апсидалната конха се деловите од Благовештението со ликовите на архангел Гаврил и св. Богородица. Во малата полукружна ниша од протезисот, насликан е св. првомаченик Стефан. Од зачуваните партии, може да се констатира дека непознатиот автор на овие фрески поседувал значителни уметнички квалитети за времето во кое творел.

На високата олтарна преграда, која за жал ја затскрива највредната содржина од овој храм, поставени се неколку икони од 1931 година.

## Св. Архангел Михаил, с. Арвати

Веднаш над селото Крани, практично во продолжение по тесниот асфалтен пат кој се искачува кон планината, лоцирано е селото Арвати. Населбата е поставена на двете страни од малата рекичка, позната како Арватска или Кранска река. Посетителите заинтересирани за христијанските градби, можат да се обратат на Љупчо Пампулевски со тел. 070/818-926 Во селото или во неговата непосредна околина, се лоцирани неколку цркви кои речиси сите без исклучок се обновени во поново време. Во горниот источен дел се наоѓа куполната еднокорабна црква Успение на Св. Богородица. Помалите параклиси се посветени на Св. Никола и Св. Недела. Како најголем и најзначаен храм, се смета црквата Св. Архангел Михаил.

Таа е лоцирана во кругот на православните селски гробишта во кој се влегува низ црковната порта, врз која се издигнува старата камбанарија. Не постои податок за времето на изградбата на храмот. Тој претставува трикорабна градба на кој во поново време му се обновени носечките столбови и горниот конструктивен систем. Според својот надворешен изглед наликува на градбите какви се граделе во третата и четвртата деценија на 20 век, односно во периодот помеѓу двете светски војни. На исток се наоѓа седумстраната апсида а на јужната и северната фасада покрај влезовите во наосот, ѕидната површина ја разбиваат по два реда од по четири прозорци. Како главен влез во храмот се наметнува оној од западната страна а со неодамнешните реконструкции над него е прилепена новата камбанарија на три ката.

На внатрешните сидиви нема траги од ѕидно сликарство со оглед на фактот што сите површини се премалтерисани. Олтарската преграда е составена од два реда на икони. Според испишаните години врз поодделни икони тие се работени во периодот од 1929 до 1937 година.

## Св. Ѓорѓи, с. Курбиново

Исклучително вреден споменик на византиското сликарство во Македонија, претставуваат фреските во црквата Св. Ѓорѓи над селото Курбиново. Градбата е лоцирана речиси на самата ивица, на место каде завршува густиот шумскиот појас на пелистерскиот масив и се отвара прекрасната глетка кон Преспанското езеро. Од селото Курбиново до светилиштето води тесен асфалтен пат во должина од 3 км. Посетата на црквата Св. Ѓорѓи, може да се најави кај Митко Ристевски од истото село, на тел. 071/288-819

Според својот надворешен изглед, објектот на прв поглед не оддава впечаток на некаков исклучително значаен споменик. Тој се карактеризира со крајно едноставен план, без посебни архитектонски карактеристики и со релативно скромни димензии од 15 м. во должина и 7 м. во ширина. Скромниот изглед бил една од причините храмот долго време да не го предизвикува вниманието на врвните научни работници. Неговото прецизно датирање, било потврдено дури по конзерваторските интервенции, кон средината на 20 век. Тогаш стана сосема јасно и очигледно, врз основа на откриениот натпис, дека сликарството потекнува од 1191 год., односно од времето на владеачката византиска династија на Комнените-Ангелите, според кои и сликарството од нивното

време често се нарекува Комненски стил. Денес, преовладува мислењето дека фреските во црквата според своите стилско-ликовни карактеристики се примери на највисоките дострели во доменот на монументалното сликарство во источнохристијанската уметност. Авторите на ова сликарство за кои се претпоставува дека се двајца, со своето творештво се потврдиле како високообразовани личности и врвни таленти на своето време. За среќа живописот е сочуван скоро во целост, со исклучок на еден дел од претставите во најдолната зона и живописот од горниот дел од третата зона со фигурите на пророците. Сликаната програма вметната во скромните димензии на оваа градба е сведена на најбитните претстави. Во првата зона се насликани поединечни претстави на светители прикажани во цел раст. Според монументалните димензии, деталите и просторот кој го зафаќаат, покрај иконостасот кој денес не постои, се издвојуваат претставите на Христос од јужната страна и св. Ѓорѓи, патронот на храмот од север. Од локално почитуваните светители би ги издвоиле претставите на св. Кирил и Методиј, св. Климент Охридски, св. Ахилиј Лариски и св. Марена. Над нив се циклусите кои ги илустрираат Христовиот живот и страдања.

Вниманието посебно го привлекуваат насликаните претстави во просторот на апсидата. Овде, во долната зона, за првпат е насликана Службата на архијереите пред малиот Христос, претставен како жртва на чесната трпеза. Подоцна ваквото претставување добива свое вообичаено место во византиското и поствизантиското сликарство. Горниот простор од апсидалната конха го исполнуваат фигурите на Св. Богородица која седи на трон, со малиот Христос во рацете а лево и десно од нив се антологиските претстави на Архангелите Михаил и Гаврил.

Основни карактеристики на ова сликарство се нескротливите линии како првостепено изразно средство на авторите и издолжените елегантни и грациозни фигури околу кои доминираат развиорените набори на драпериите. Изборот на боите е исто така дел од оригиналноста на овие мајстори. Префинетоста на тоновите нивните деликатни поврзувања како и употребата на сенките создаваат впечаток на богата палета базирана на многу малку нијанси на бои. Сите наведени елементи како и применетата техника на фреските, зборуваат за едно врвно мајсторство, изведено со голем осет, внимателност и неверојатна прецизност.

### Раѓање на Св. Богородица, Сливнички манастир

Селото Сливница претставува населба која е лоцирана на границата помеѓу Долна и Горна Преспа, во близина на патот Ресен – Љубојно - Маркова Нога. Неговата надморска висина е 940 метри, меѓутоа, атарот на селото се издига до сртовите на планината Баба. Во самата населба и нејзината непосредна околина лоцирани се неколку православни храмови. Обновената градба од црквата Св. Никола е покрај патот кој води до манастирскиот комплекс. На периферијата од селото егробјанската црква Св. Димитриј а северно и западно се храмовите Св. Петка и Св. Атанасиј. Главно светилиште, по кое и селото е познато пошироко, претставува манастирот Св. Богородица.

Манастирот посветен на Раѓањето на Св. Богородица над селото Сливница, е значаен манастирски комплекс во преспанскиот регион. Овде со векови, секоја година на 20/21

септември на денот на Раѓањето на св. Богородица или на Мала Богородица како што уште се нарекува, доаѓале верниците од сите преспански села, но и од селата од другата страна на планината Пелистер, како што било селото Маловишта.

Сливничкиот манастир се наоѓа на 4,5 км над преспанското село Сливница, на надморска висина од околу 1300 м. Денес од селото до манастирот се пристигнува мошне едноставно и брзо по тесниот асфалтен пат. Благодарение на напорите кои се правеле во последните децении, извршена е реконструкција на дел од конаците кои некогаш го опкружувале манастирот. Обновено е целосно источното крило во кое може да се претстојува и дел од конаците на југоисточниот агол, се до главната порта што не внесува во манастирскиот двор. Своето доаѓање посетителите можат да го најават кај Ацо Наумовски на тел. 071/834-578.

Според сочуаниот старословенски натпис манастирската црква е изградена и осликана во 1607 година, за време на монахот Никанур. Најголем ктитор, кој за изградбата и украсувањето на храмот дал 9000 гроша во злато, бил Михајло Петков од Битола. Светилиштето претставува мала еднокорабна градба со едноставен кров на две води, без куполи и било какви украси на фасадите. Всушност такви биле повеќето цркви градени во т. н. поствизантиски период или во времето на османлиската доминација на Балканот. Кон западната страна во 1612 година е доградена припрата. Во 19 век во продолжение кон запад е изграден затворениот трем, една помала помошна просторија како и камбанаријата која ги надвишува другите објекти. Многу важна содржина на оваа црква е ѕидното сликарство во најстариот дел на црквата од 1607, во припратата од 1712 г. како и она од некогашната западна фасада а денес во тремот на црквата. Тоа е сочувано речиси во целост и претставува еден од најзначајните репрезенти на сликарството од поствизантискиот период во Р. Македонија воопшто. Почнувајќи од источниот дел или од олтарскиот простор, во долната зона од конхата на апсидата се светите архијереји како учесници во светата Литургија. Над нив е ликот на св. Богородица со Христос. Во северниот дел од олтарскиот простор, во чест на главниот ктитор на црквата, насликана е фигурата на Купен, починатиот син на Михајло Петков, кој се упокоил неколку години пред изградбата на овој храм. Во долните зони од наосот се претставени светите воини облечени во благороднички одежди со наметки и бели раскошни капи. Светителите на јужниот ѕид, облечени во монашка облека ги претставуваат маченициите и испосниците. Во горните партии се сцените од животот на Исус Христос со неговите чуда и страдања.

Од сликаните композиции поставени во нартексот, вниманието посебно го привлекува најстарата заедничка претстава на најпознатите словенски просветители или на Седмочисленициите како што се нарекуваат во науката претставите на св. Кирил, св. Методиј, св. Климент, св. Наум, св. Сава и св. Ангеларij од 1712 г. Следуваат претставите на сцените со насликаните циклуси инспирирани од црковните песни посветени на Богородица.

Иконостасот во црквата е исто така сочуван во својата изворна состојба, каков што бил бо првите децении од 17 век. Од содржината на иконостасот се издвојуваат средишните таканаречени царски двери и големиот крст, поставен како завршница во горниот дел, изведени во плитка стилизирана резба.

## Св. Петка, с. Брајчино

Над источниот брег од Преспанското Езеро, како една од населбите во регионот на Долна Преспа, во самото подножје на планината Баба на висина од 1000 м. се наоѓа селото Брајчино. До Брајчино се пристигнува по регионалниот пат кој доаѓа од месноста “Макази“ каде се издвојува од магистралниот пат Битола - Ресен. Вкупната оддалеченост на Брајчино од Битола по овој пат изнесува 50 км. а од Ресен е околу 30 км. Всушност за да стигнеме во Брајчино преку комуникацијата која се движи покрај брегот на езерото, прво се исклучуваме кон селото Љубојно, исто така значајна дестинација, која се наоѓа на околу 2 км. пред Брајчино. Атарот на селото Брајчино со површина од 60 км², се протега во најголемиот дел на падините од планината Баба, со што нуди повеќе можности за прошетки низ убавите предели и посета на повеќе свети места. Од црковните споменици во селото, сочувани се црквите: **Св. Никола** од 1871 год., **Св. Илија** од 1919 г., **Св. Јован**, **Св. Атанасие**, но како најзначаен споменик, познат и пошироко би го издвоиле манастирот посветен на римската маченичка **Св. Петка**. Доаѓањето во манастирот и престојот може да се најави кај лицето Миле Нивички, во селото Брајчино или на тел. 075/649-038.

До светилиштето се пристигнува по пешачката патека која почнува на источниот дел од селото за околу 15 минути. Иако манастирот не е активен, со залагање на верниците во последните години се обновени конаците југозападно од црквата. Храмот поставен во средината од комплексот, претставува мала еднокорабна градба, со покрив на две води, триделна апсида и единствен влез од западната страна.

Според најновите научни сознанија малата еднокорабна црква е подигната и насликана во последната четвртина на 15 век. Најстарото сликарство е сочувано на источниот и западниот ѕид од наосот како и на западната фасада од најстариот дел, која сега со подоцнежната доградба се претвори во источен ѕид од нартексот. На источниот ѕид во апсидалната конха се допојасјата на св. Богородица и на малиот Христос, во горниот дел и Службата на светата литургија во која учествуваат познатите црковни отци св. Василиј Велики и св. Јован Златоуст, во најдолната зона. Помеѓу нив насликан е малиот Христос, кој како жртва лежи во широк сад, покрај путирот поставени на чесната трпеза. Од двете страни на триумфалниот лак се насликани популарните маченици св. Симеон и св. Данило. Во нишата од протезисот е фигурата на првомаченикот св. Стефан а во онаа од ѓакониконот е допојасјето на Роман Мелод. Во погорната зона од источниот ѕид како што е вообичаено е претставата на Благовештението со фигурите на архангел Гаврил и св. Богородица.

На некогашната западна фасада доминира претставата на Страшниот суд, редуцирана само на поединечни елементи од оваа сложена композиција. Најгоре, е иконографијата на Царскиот деизис, кој од 14 век, на територијата на Охридската архиепископија се слика во различни варијанти. Во патроната ниша е допојасната претстава на св. Петка со крст во деснат рака. Лево и десно од нишата се коњаничките фигури на св. Мина и св. Ѓорѓи. Според стилските анализи, се верува дека анонимниот сликар на ова сликарство потекнува од соседните зографски работилници, формирани во околината на Костур.

Во црквата покрај најстарите фрески се сочувани и остатоци на ѕидно сликарство и икони од 16, 17 и 19 век, што говори за повеќевековната активност и опстојувањето на манастирот.

Во непосредна близина на северниот ѕид од светилиштето е познатиот извор со света вода, која меѓу верниците се смета за лековита.

**Св. Никола, с. Брајчино**

Храмот е лоциран во северозападниот дел од селото, до кој се стигнува по теснитете асфалтирани улички, опкружени со камените ѕидови и старата селска архитектура. Тој е сместен во кругот на селските гробишта и претставува трикорабна градба со полукружна апсида врз која се поставени седум плитки и лачно засведени ниши. Крај јужната и западната фасада, прилепени се затворените тремови и помошните простории.

Според натписот во нишата над влезот, дознаваме дека црквата е изградена во 1871/72 година. Внатрешноста на црквата е надолжно поделена на три делови со два реда од по пет столбови. Нартексот на западниот дел од внатрешноста е одвоен со преграда и е подигнат со три скали повисоко од нивото на наосот. Над нартексот е направена галеријата на кат. Врз ѕидните површини во наосот и нартексот не се сочувало ѕидно сликарство. Живопис постои само во апсидата и во протезисот. Во конхата од апсидата насликана е св. Богородица со Христос на горниот дел и фигурите на архијереите св. Јован Златоуст, св. Василиј Велики, св. Никола, св. Атанасиј, св. Григориј и св. Спиридон во долната зона.

Иконостасот е составен од три реда на икони, царски двери и врати на јужниот и северниот дел на преградата. Иконите од иконостасот се работени во 1875 и 1889 година. Според сликарските натписи, постарите икони се дела на Апостол Стеријев од селото Пласје а оние од 1889 год., на Атанас Димитри зограф од селото Негован – леринско, денес во Р. Грција.

**Св. Илија, с. Грнчари**

Откако по регионалниот пат кој води од месноста “Макази“, ќе се упатиме кон југ, по должината на источното преспанско крајбрежје, за само неколку минути и изминати 5 км., низ населбата Подмочани ќе пристигнеме во селото Грнчари.

Селата Подмочани и Грнчари, денес се речиси целосно поврзани со долгата низа на новоизградени куќи и стопански објекти изградени покрај патот. Од селото Грнчари за да го посетиме познатиот манастир **Св. Илија**, се насочуваме кон исток, кон падините на Баба. Земјениот пат можеме да го поминеме со теренско возило или со пешачење . Со испешачени 3 км. по умерена угорнина, до светилиштето ќе пристигнеме за околу 40 минути. Сите неопходни информации во врска со престојот во овој манастир, можат да се добијат кај Крсте Ѓорѓиовски во селото Грнчари или на тел 047/ 480-268.

Коплексот на манастирот го сочинуваат црквата, новите конаци, манастирската трпезарија, фурната, камбанаријата и  чешмата со светата лековита вода. Манастирот најмасовно е посетен за време на црковната слава, вечерта на 1 и во претпладневните часови на 2 август, кога доаѓаат верници од поширокиот регион.

Црквата Св. Илија, претставува мала еднокорабна градба со тространа апсида на источната страна. Кровната конструкција е решена на две води а единствениот влез е поставен на западната фасада. Помеѓу камените партии, посебно на источниот ѕид, вметнувани се хоризонтални и вертикални редови од тула, во духот на познатите сртедновековни опуси. Врз архитектурата на храмот вршени се интервенции и зајакнувања од постар и понов датум. Резултат на таквите интервенции се постоечките контрафори на северната и јужната фасада.

Во црквата постои слоевито нанесено сликарство од повеќе различни временски периоди. Врз основа на стилската и иконографската анализа најстарите фрески од оваа црква се датираат во 13 век, што и даваат посебно значење. Од наредната фаза се фреските од поствизантискиот период, со повеќе натписи на старословенски јазик.

Истражувачките работи и пропратните активности во оваа црква сеуште не се завршени, така да во иднина ќе можат да се сумираат поконкретни и поцелосни впечатоци.

### Св. Атанасиј, с. Штрбово

Денашната локација на селото Штрбово, крај регионалниот пат Макази – Маркова Нога е од релативно понов датум. За разлика од неа постарите црковни градби, поврзани со жителите на оваа населба, се наоѓаат источно од денешната местоположба, на повисоките падини од планината Пелистер. На таа локација која се нарекува и старо село, сеуште егзистираат делумни остатоци од некогашните живеалишта. Тука на една доминантна височинка се наоѓа и црквата Св. Атанасиј  на просторот од некогашната, денес напуштена локација на старото село Штрбово. До црквата во најново време е пробиен асфалтен пат во должина од 2 км., со што во голема мера е олеснета комуникацијата помеѓу новоформираната населба крај брегот на езерото и старото село.

Црквата посветена на Св. Атанасиј претставува еднокорабна градба со мала полукружна апсида на источната страна и доградена затворен трем крај јужната фасада. Во рамките на црковниот двор се наоѓаат и новоизградените помошни простории источно од црквата и камбанаријата на запад. Не се сочувани никакви пишани податоци кои можат попрецизно да го определат времето на изградбата на храмот, меѓутиа, според присутните карактеристики најверојатно дека е подигнат кон крајот на 19 или на самиот почеток од 20 век.

Во внатрешноста нема сочувано ѕидно сликарство а од присутните икони има неколку кои припаѓаат на уметноста  на 19 век.

## Св. Димитриј, с. Штрбово

Се наоѓа југозападно од старото село Штрбово, на една доминантна височинка до која речиси по изохипса се стигнува од старото село по земјениот пат. Од оваа локација се овозможува една од најубавите глетки врз источниот брег на Преспанското езеро. Самата црквичка е мала еднокорабна градба со полукружна апсида на источната фасада и влез од запад. Над западниот влез во црквата од надворешната страна во плитка ниша, поставена е мермерна плоча со подолг врежан натпис. Од него дознаваме дека градбата е обновена во 1929 година со помош на прилозите од жители на селото Штрбово. Во внатрешноста на црквата нема ѕидно сликарство а на иконостасот се икони без некакви забележителни уметнички квалитети.

## Св. Богородица, с. Крани

Се вбројува во редот на помалите трикорабни храмови какви што се најмногу се граделе во 19 век. Според сочуваниот натпис, врежан врз еден камен од јужниот ѕид, објектот е изграден во 1865 година. Подоцна кон втората четвртина на 20 век, изгледа дека врз него се направени опсежни преправки, при што се отворени неколкуте прозорци на јужната и северната фасада. Веројатно дека тогаш е извршено и малтерисувањето на фасадите. Денес стариот опус на ѕидање од обработен камен, може да се забележи само уште на апсидалната конха, која единствено остана немалтерисана. Во најново време од западната страна на храмот е прилепена новата камбанарија.

Во внатрешноста на храмот може да се влезе од јужната и западната страна. Наосот од западната страна е издвоен од нартексот со ниска преграда а од олтарскиот простор со иконостас оформен од два реда на икони. Над нартексот на запад се протега горната галерија на спратот.

Поголемиот дел од ѕидните површини во внатрешноста се премалтерисани. Фрагменти од стариот живопис насликан во 19 век, се сочувани на северниот ѕид од наосот, веднаш покрај иконостасот. Нешто повеќе ѕидно сликарство има во олтарскиот простор. Во горниот дел на апсидата вообичаено е претставена св. Богородица а во долната зона архијереите св. Василиј Велики и св. Јован Златоуст, предводени од архангелите Михаил и Гаврил. Во малата ниша од протезисот е насликано доподпојасјето на мртвиот Христос а во нишата од ѓакониконот е претставата на првомаченикот и ѓакон св. Стефан. Не ни се познати авторите на ова сликарство.

Според испишаните години на иконите поставени на иконостасот, тие се работени во 1938 година. Во црквата постојат и неколку икони кои според своите стилско-уметнички содржини можат да се сместат во иконописот создаван во втората половина на 19 век.

Во непосредната близина на селото Крани, локалното население изградило уште две помали цркви. Од почетокот на 20 век, поконкретно од 1925 гидина датирана е црквата Св. Никола а пак за малата еднокорабна црква посветена на Св. Илија немаме податоци кога е направена. Најверојатно е дека и таа е обновена на темелите од постаро култно место, во почетокот на 20 век.

### Св. Никола, с. Наколец

Карактеристично за оваа населба е тоа што во неа има две цркви посветени на Св. Никола. Едната,лоцирана крај самиот брег од езерото, е од понов датум, од првата половина на 20 век, а другата, постарата, според натписот на јужната фасада е датирана во 1854 год.

Постарата градба е лоцирана во централниот дел од селото. Сместена е во оградениот простор, заедно се селските гробишта. Според својата архитектонска конструкција се вбројува во типот на мали трикорабни псевдобазилики, со петтострана апсида на исток и доградени помошни простории крај западната фасада. Во внатрешноста на црквата се влегува од јужната страна и тоа низ еден влез кој води во наосот и еден, кон олтарскиот простор. Јужната фасада во поново време е измалтерисана, така што автентичниот опус на ѕидаријата може да се види само на источниот и северниот ѕид. Кровот е со едноставно решение на две води.

Наосот е издвоен од нартексот со ниска преграда, додека пред олтарскиот дел е иконостасот со три реда на икони. На иконостасот се икони работени од повеќемина анонимни мајстори.

Врз ѕидните површини во наосот и олтарскиот простор не се сочувале траги од постаро сликарство. Можеби постоечкото сликарство од поново време со лош квалитет, е нанесено токму врз постарите нсликани партии, со што е нарушена автентичната содржината во црквата.

# Цркви во битолскиот дел на Баба Планина

## Успение на Пресвета Богородица во с. Велушина

Селото Велушина се наоѓа десеттина километри јужно од Битола. До селото, од Битола се доаѓа со возило, по регионалнит пат  Битола – Драгош само за десеттина минути. Населбата има извонредна местоположба на 700 метри н.в. и е сместена практично на самата линија каде Баба Планина благо преминува во пелагониската равничарска котлина. Во најблиската околина на селото сочувани се траги на човековото опстојување од најстарите времиња. Како споменици на праисториската цивилизација познати се Велушката и Породинската Тумба. Во античко време, според расположливите податоци,  покрај Велушина врвел познатиот пат Виа Егнатиа. Низ селото денес можат да се најдат многу индиции и артефакти кои зборуваат дека во Велушина постоеле градби од античкиот период. Несомнено, идните археолошки ископувања тоа ќе го докажат. За богатата христијанска традиција во оваа некогаш просперитетна населба, зборуваат многуте сочувани храмови на нејзината територија и во најблиската околина.

Според резултатите од научните истражувања извршени во поново време, црквата посветена на Успението на св. Богородица, со својата сорржина се наметнува како најстар и еден од позначајните храмови во целиот потпелистерски регион. Тоа посебно се однесува на централниот дел од оваа трикорабна градба. Во него се наоѓа фреско сликарство изработено во повеќе фази од различни временски периоди. За најстарите фрески се  мисли дека датираат од 10/11 век, односно од класичниот средновековен период во Македонија.

Постојат пишани архивски податоци дека подоцна, црквата е обновувана во 18 век, поточно во 1727 година. Приближно од тоа време се сочувани и неколку насликани икони.

Сите површини од ѕидните платна во наосот или централниот дел на црквата како и врз источниот ѕид од нартексот – западниот дел на црквата,  повторно се насликани  во 1836 година. Доказ за тое е записот со годината на северниот ѕид. Според стилот и времето на изработка на ова сликарство, нема сомнение дека се работи за дело на Јован Зограф, кој во тоа време се населил во потпелистерското село Трново и во период од неколку години насликал повеќе цркви низ регионот. Очигледно дека неговото сликарство му се допаднало и на локалните авторитети во Велушина, поради што, 12 години подоцна го поканиле да им ја наслика и црквата Св. Ѓорѓи во манастирот над селото. Јован Зограф во овој храм се јавува како голем мајстор на ѕидното сликарство од првата половина на 19 век. Во долната зона насликал поединечни претстави на многу почитувани христијански светители претставени во цел раст. Во горниот дел поставил композиции со сцени

од животот и страдањата Исус Христос. Впечатливо сликарство оставил на источниот ѕид од нартексот, изведувајќи неколку икони, во техника на ѕидно сликарство како своевиден "ѕиден иконостас" со допојасните претстави на Исус Христос, св. Богородица со Христос и св. Јован Крстител, кои извонредно успешно се вклопуваат околу тројниот влез или трибелонот во црквата.

Нешто подосна, во црквата работел уште еден зограф пој потекло од потпелистериeто. Тоа бил Димитар Анастасов од Магарево, кој ги изработил иконите на певницата во 1879 година и дел од иконите на иконостасот во црквата.

### Св. Георгиј во с. Велушина

Неполни 2 км. западно од селото Велушина, на едно возвишение од каде се гледа целиот јужен дел од Пелагониската котлина е сместен манастирот Св. Георгиј. До манастирот води тесен асфалтен пат, што овозможува многу добра комуникација со селото и претставува причина повеќе при престојот во Велушина да не се пропушти оваа локација. Во комплексот се влегува низ големата манастирска порта, вклопена во приземниот дел на конакот, изграден јужно од црквата.

Храмот Св. Георгиј претставува релативно мала трикорабна градба поставена кон средината на манастирскиот двор. Од југоисточниот агол, црквата е надвишена со камбанаријата изведена од делкан камен. Во светилиштето се влегува низ тремовите од јужната и западната страна. Според натписот исклесан врз каменот над западниот влез, градбата е подигната во 1839 година.

Над јужниот влез, во внатрешноста на храмот, постои опширен натпис во кој се внесени важни податоци поврзани со сликањето на црквата. Во натписот се испишани сите оние кои помогнале да се насликa овој свет храм. Испишана е и годината 1848 како време на изработката на живописот. Самиот Јован Зограф, за себе кажува дека е по потекло од селото Хјонатон или Хјонадес, но дека оттаму се преселил во Трново. Во насликаната програма Јован Зограф во долниот појас , вообичаено ја поставил галеријата на стоечки светители во цел раст. Во горните партии се сцените со претставите на Христовиот живот и страдања. Заслужува внимание илустрирањето на сцени од детството и успението на св. Богородица како и од поетската композиција позната како Акатистот на Богородица. На темето од полукружниот свод се поставени во медаљони допојасните претстави на Св. Јован Крстител, малиот Исус обележан како Емануил како и Христос Пантократор или Седржител. Над иконостасот се претставени Св. Тројца и тоа Господ Саваот, Исус Христос и Светиот Дух. Импресионира стилот на Јован Зограф кој на многу места, успешно прави соединување на традиционалната поствизантиска иконографија и новите решенија инспирирани од западната

уметност кои продираат на нашива простори веќе од втората половина на 18 век. Неговите композиции како што се на пример сцените од Христовиот живот или од Акатистот на св. Богорица исполнети со многу учесници, изнесени во еден раскажувачки стил, со многу детали, повеќе наликуваат на иконописни остварувања отколку на монументално сликарство.

Иконостасот во црквата, кој го одвојува олтарниот простор од централниот дел, исполнет е со икони работени од повеќемина зографи. Според стилските карактеристики, изгледа дека претставата на Архангел Михаил врз вратата на северниот дел од иконостасот е дело на Јован Зограф, авторот на ѕидното сликарство. Од првата половина на 19 век е датирана и големата икона на Св. Георгиј, патронот на храмот. Другите престолни икони како и иконостасниот крст, стилски се блиски со творештвото на браќата Константин и Димитар Анастасови од Магарево. Од нив најверојатно се и насликаните медаљони со претставата на Благовештението врз царските двери украсени со резба. Иконите од горниот ред на иконостасот, вкупно 15, со сцени од животот на Христос, се карактеризираат со една поинаква ликовна и колоритна звучност во однос на другите дела. Впечаток е дека корените на овој ликовен пристап со тенденција кон идеализирање и сцени поставени во перспектива низ класицистички архитектонски форми, се инспирирани од примери на постарите западни мајстори од другата страна на Јадранот, чија уметничка филозофија била блиска на ренесансната уметност.

### Св. Илија во с. Велушина

Малата гробјанска црква, се наоѓа на половина растојание по асфалтниот пат, кој води од селото Велушина до манастирот Св. георгиј. Таа е еднокорабна градба со тристрана апсида на исток и едноставен кров на две води. Од јужната и западната страна на храмот се надоврзува отворениоит трем потпрен на неколку дрвени столбови. Во црквата се влегува од тремот па низ засведениот влез на јужната страна. На внатрешните ѕидови од наосот нема сочувани траги од живопис. Меѓутоа, сликаните претстави на св. Богородица со малиот Христос, како и четворицата архиереи во долната зона од апсидалната конха не насочуваат, според стилските карактеристики на сликарство од 18 век. На стариот едноставен иконостас, се поставени неколку икони од втората половина на 18 и почетокот на 19 век.

### Св. Атанасиј Велики во с. Велушина

Црквата Св. Атанасиј Александриски е сместена во самата населба Велушина, во оградениот простор на старите селски гробишта. Таа е сосема мала

еднокорабна градба, соѕидана од обичен необработен камен. Во храмот се влегува низ тремот и влезот на западната страна. Од ѕидното сликарство сочувано е она од нишата над влезот со допојасната претстава на св. Атанасиј.

Во олтарниот простор, односно на источниот ѕид и апсидалната конха, претставени се св. Богородица со малиот Христос и светтите отци во долниот појас. Лево и десно од апсидата е сочувана претставана на Благовештението а во малите ниши од протезисот и ѓакониконот се Св. Стефан и Св. Роман. Според стилската анализа ова сликарство припаѓа на уметноста од 17 век.

На иконостасот од црквата, доминираат престолните икони со претставите на Исус Христос, св. Јован Крстител и св. Атанасиј од почетокот на 19 век.

### Св. Никола во с. Драгош

Селото Драгош ја претставува најјужната населба од источната страна на планината Баба. Оддалечено е 20 км. од Битола, по асфалтниот регионален пат Битола – Драгош, кој се простира во правецот север-југ, по должината на самото подножје од планинскиот масив. Во оваа населба како и во околните села, изградени биле повеќе цркви и манастири во различни временски периоди. Информации за посета можат да се добијат кај Живко Петровски на тел 047/228-096.

Најстара сочувана христијанска градба во Драгош претставува црквата Св. Варвара, на влезот во селото по асфалтниот пат, која потекнува од поствизантискиот период. За жал најважните икони од овој храм, денес се музејски експонати и не можат да се видат во самата црква.

Многу интересна е и поставеноста на манастирот Св. Илија, над самото село во правец кон државната границата. Овој комплекс кој врз темелите на старата црква е обновен од темел во најново време, со јужниот ограден ѕид, речиси го допира граничниот камен со Р. Грција.

Нешто подалеку од селото кон планината лоцирани се црквите Св. Петка и Св. Недела

Црквата Св. Никола, подигната во средината на 19 век, кон западната страна од населбата, претставува најмонументалната православна градба која денес егзистира во селото. Во црковниот двор со гробиштата, се влегува низ двојната порта изградена во 1889 година, на источната страна од комплексот. Храмот претставува релативно голема трикорабна градба со полугружна апсида на источната фасада. На долниот дел од апсидата, врз појасот изведен во клесан камен, поставени се девет плитко засведени декоративни ниши. Ѕидовите од поголемиот дел од црквата, освен аглите, довратникот и прозорците изведени се

од обичен кршен камен. Во поново време од јужната страна на црквата, доѕидан е затворен трем. Средишниот дел од внатрешноста на црквата со два реда од по неколку столбови е поделен на три кораби. Во него не се забележуваат остатоци од ѕидно сликарство. Вниманието го привлекува големиот едноставен иконостас со три реда на икони. Во најдолниот ред се големите престолни икони а во горните два реда, содржината воглавно е исполнета со допојасја на апостолите и со сцени од Великите празници, односно од животот на Исус Христос. Стилските карактеристики на ова сликарство од дредината на 19 век, не насочуваат на локални зографи кои потекнувале од потпелистерскиот регион.

## Св. Богородица Пречиста во с. Граешница

Селото Граешница исто така претставувало крајпатна станица од стариот антички пат Виа Егнатиа. Лоцирано е во непосредна близина пред селото Драгош, на регионалниот пат кој поаѓа од Битола. За ова село после изминати 16 км. од Битола се издвојува тесен асфалтен пат кој поминува низ него и продолжува до планинското село Кишава. Над самата населба на едно возвишение, се забележуваат остатоци од антички градби кои сеуште не се археолошки прецизно истражени. Во селото и во неговата поблиска околина постојат повеќе храмови од различни временски периоди.

Најстара е црквата посветена на Воведението на Пресвета Богородица или на Богородица Пречиста. Таа е лоцирана на влезот во селото покрај асфалтниот пат. Претставува мала еднокорабна градба со полукружна апсида на источната фасада. Карактеристична за оваа градба е токму источната фасада изведена во комбинација од камен и тула. Начинот на изведба на оваа богата декорација, не упатува на периодот веднаш по доаѓањето на Османлиите на Балканот. Во внатрешноста на храмот, сочувано е ѕидно сликарство од поствизантискиот период и тоа во полукружната конха на олтарниот простор и во малата ниша северно од неа. Во горниот појас на апсидалниот простор е насликана св. Богордица со малиот Христос а во долниот се претставите на архиереите со отворени свитоци во рацете.

## Св. Вознесение во с. Граешница

Црквата посветена на Вознесението Христово е изградена во средишниот простор на селото Граешница. По својата архитектонска форма претставува трикорабна градба со тремови на јужната и делумно на западната страна. Над западниот влез, црквата е надвишена од високата камбанарија. Според записите над јужниот влез во храмот, како и врз фасадата на камбанаријата, дознаваме дека црквата е изградена во 1860 годнина, во периодот кога со Пелагониската

митрополија управувал митрополитот Венедикт. Со внатрешноста на градбата се комуницира преку јужниот и западниот влез. Централниот дел од градбата е поделен на три кораби, со два реда од по неколку столбови. За разлика од страничните равни таваници, над централниот кораб се надвишуваат неколку слепи калоти насликани со ѕидно сликарство. Во едната од нив, каде е поставена допојасната претсатава на Христос Седржител, испишана е годината 1868. На сводните партии насликано е уште допојасјето на Хростос Емануил а над олтарниот простор се монументалните фигури на св. Тројца. Во нишата од апсидата сочувани се мали остатоци од допојасната претстава на св. Богородица а во долниот дел се архиереите: св. Василиј, св. Григориј, св. Спиридон, св. Никола, св. Атанасиј и св. Јован Златоуст. Малата ниша од протезисот е исполнета претставата на мртвиот Христос.

Наосот од црквата е издвоен од олтарниот простор со иконостас врз кој се поставени три реда на икони. Најдолниот, основен ред го сочинуваат престолните икони а во горните две зони се поставени икони со претстави на апостолите, други поединечни светители и претстави, како и сцени од Великите празници. Врз позадината од престолната икона на св. Богородица со малиот Христос, зографот испишал поопширен авторски запис од 1884 година во кој соопштува дека иконата е дело на Димитар Анастасов од селото Магарево. Според стилскио-ликовните карактеристики, изгледа дека повеќето икони од иконостасот се негови дела. Нему можат да му се припишат и иконите од певницата подигната на еден од северните столбови во наосот, со повеќе икони на Исус Христос, евангелистите и ѓаконите од 1884 година.

### Св. Христофор - Крстоарски манастир

Крстоарскиот манастир посветен на маченикот Св. Христофор, се наоѓа на околу 5,5 км. од излезот на Битола. До него, со моторно возило може да се пристигне, преку селото Крстоар во чиј атар се наоѓа комплексот, па оттука по тесен и стрмен асфалтен пат во должина од околу 1 км. до влезот во манастирот. Како втора варијанта, може да се искористи посетата на потпелистерското село Буково а оттука покрај храмот Воведение на Св. Богородица, исто така се доаѓа до манастиро Св. Христофор. За влез во манастирската црква или за престој во конакот, може да се контактира со Пеце Ѓоревски од с. Крстоар на тел. 047/268-297. Оваа локација, според кажувањата на старите битолчани а и според старите фотографии била едно од омилените излетнички места со трдиција уште од 19 век.

Црквата во манастирот е подигната во четвртата деценија од 19 век, меѓутоа, претрпела сериозни преправки стотина години подоцна, во 1926 година. Таа е прилично голема еднокорабна градба, со петстрана апсида на исток и влезови кон наосот од западната и северната страна а директно во олтаниот простор може да се комуницира низ посебната врата на југоисточната страна. Кратка историја на храмот испишана е на мермерната плоча на фасадата над северниот влез,

додека над западниот влез, вниманието го привлекува насликаната претстава на св. Христофор. Тој е насликан во медаљон, претставен во цел раст со повеќето негови атрибути. На рамото го носи малиот Христос, додека во едната рака држи копје а со левата го придржува маченичкиот крст. Во долниот дел е испишана годината 1926, како време на сликањето на оваа претстава.

Во внатрешноста на храмот нема сочувано ѕидно сликарство од 19 век односно од времето на изградбата на црквата. Она малку што денес постои, во апсидата на црквата и  на темето од сводот, насликано е во времето на нејзината обнова. Иконостасот во црквата, со три реда на икони, царски двери и високи врати на јужниот и северниот дел, исто така е направен во третата деценија на 20 век. Како сведоштво на уметноста од 19 век во оваа црква се сочувани само неколкуте празнични икони.

Св. Петар и Павле с. Крстоар

Престојот во с. Крстоар може да се искористи и за посета на селската црква посветена на светите првоапостоли Петар и Павле. Таа претставува мала трикорабна градба со полукружна апсида на исток и затворен трем на јужната страна. Врз југозападниот агол на храмот, се издигнува мала купола бо која е сместена камбанаријата.

Главниот влез се наоѓа на западната страна а над него, врз мермерната плоча, постои оштетен натпис во кој се распознава годината 1890, како време на градењето на црквата. Во внатрешноста се влегува низ нартексот кој е издвоен од централниот дел со преграда. Наосот е поделен на три кораби со два реда од по три столбови. Ѕидното сликарство нанесено на сводот од средниот кораб и во олтарниот простор, насликано е во 1896 год. и на почетокот од 20 век. Олтарната преграда е составена од три реда на икони. Престолните икони се дело на Димитар Анастасов од Магарево, работени во 1891 година. Царските двери, влезните врати во олтарниот простор, како и дел од иконите во горните редови, од 1906 година,  се творби на Коста Николов од Лазарополе. Негови се и иконите на амвонот, кој е поставен на еден од северниот ред на столбови.

Многу интересен податок, испишан врз  неколку од престолните икони од иконостасот, е именувањето на селото кон крајот на 19 век, како село Христофор, што го претставува постарото, автентично име на населбата, која подоцна е преименувана во Крстоар.

Св. Петка с. Ореово

На приближно 2 км., по тесниот асфалтен пат, над последните куќи од Буково, во прекрасното опкружување од планината Пелистер, сместено е селото Ореово. Кога ќе пристигнеме во оваа населба, со недопрени природни убавини, изолирана со стрмните пошумени падини, речиси неверојатно ни изгледа фактот

што таа од градот Битола е оддалечена само неполни 7 км. Доколку сме заинтересирани да ја посетиме селската црква Св. Петка, нашето доаѓање можеме да го најавиме кај Кире Амиџовски, на тел. 075/787-420 или кај Бранко Јанкуловски, на тел. 075/279-886. Во најново време во дворот од црквата уредени се неколку соби, со што е овозможено и ноќевање во овој амбиент.

Црквата Св. Петка, изградена во средината на селото претставува трикорабна градба со седумстрана апсида на исток и придодаден трем на север. Во внатрешноста на наосот од црквата исто така се влегува од северната страна. Од северната страна има уште еден влез кој комуницира со нартексот. На јужната фасада постои помал влез низ кој верниците од црквата оделе кон гробиштата. Внатрешноста на црквата надолжно е поделена со два реда од по пет столбови, на три дела. Наосот како среден дел, на исток е издвоен од олтарниот простор со иконостас а западно од него, подиздигнат со неколку скалички, е одвоен нартексот. Целата внатрешност на храмот е насликана со добар живопис. Над северниот влез, од внатрешната страна во правоаголно поле, испишан е опширен сликарски натпис кој ни ги дава основните податоци. Важно е што во содржината на натписот се спомнува зографот Константин од Селица и годината на завршувањето на живописувањето, 1861. Константин Зограф со ова негово дело, оствари едно од најдобрите остварувања на монументалното сликарство, во битолско и пошироко од средината на 19 век. Во таа смисла неговото појавување во Ореово, претставува вистинско освежување во уметноста од тој период и збогатување на сликарските достигнувања и варијанти, во кои водечката улога ја имале локалните зографски работилници од Трново и Магарево. Богатата сликана програма нанесена врз ѕидните платна е пренесена со големо внимание и богословска ученост. Во основниот, прв појас на претстави се претставени поединечни светители, насликани во цела фигура или допојасно. Во погорните зони, се сцени од стариот и новиот завет, животот, чудата и страдањата Христови и претстави инспирирани од Акатистот на св. Богородица.

На олтарната преграда се поставени два реда на икони, кои потекнуваат од различни работилници и временски периоди. Помал дел од нив се веројатно од старата црква и можат да се датираат во почетокот на 17 век, а останатите се работени во првата и втората половина на 19 век. Од оваа црква потекнуваат уште неколку икони од поствизантискиот период, интересни хартиени икони или графики и други интересни предмети од сферата на црковната уметност. На тој начин црквата Св. Петка се наметнува како споменик кој заслужува внимание од верниците и љубителите на старата уметност.

---

Многу интересна локација во околината на Ореово, претставува локалитетот **Дупен камен**, оддалечен на околу 30 минути пешачење над селото. На оваа локација се одржува и еден уште по интересен настан. Според кажувањето на

мештаните, овде во одредено време доаѓаат жените нероткињи. Ноќта пред Ѓурѓовден на 05.05, тие најпрво три пати ја обиколуваат црквата Св. Петка и потоа со запалени факели, се упатуваат кон пештерата во месноста Дупен камен. Таму се обмотуваат околу половината и со помош на нивната придружба се спуштаат во дупката.

### Св. Петка, с. Нижеполе

Според двата исклесани натписи на источната фасада, црквата е подигната во 1835 год. Од најстарата фаза на градбата сочуван е автентичниот опус на источниот ѕид со апсидалната  конха направен од клесан камен, наместа со хоризонтални појаси од тула. Сите останати фасадни ѕидови се малтерисани во подоцнежно време. Северно и јужно од главната апсида, постои уште  по една апсидиола која и припаѓа на страничните параклиси. Јужно, западно и северно, кон централниот дел на храмот, се приоѓа низ широки тремови. Низ нив се доаѓа до трите врати кои водат кон внатрешноста. Наосот на црквата со два реда на столбови, е поделен по должина на три кораби. На западниот дел,  со неколку скали е подигнат нартексот а над него е направена галеријата на катот.

Нема сомнение дека врз црквата Св. Петка, нешто по Првата светска војна се изведени опсежни реставраторски активности. Тоа кажува дека црквата за време на војната претрпела големи оштетувања, впрочем како и повеќето градби низ околните села. Од тие причини, сликарството во внатрешноста не кореспондира со времето на подигањето на храмот.

На високиот иконостас се поставени четири реда на икони кои според зачуваните натписи се насликани помеѓу 1926 и 1931 година. Од постариот инвентар, сочувани се неколку икони од првата половина и од средината на 19 век. Заслужува внимание и Дарохранилницата, насликана од непознат зограф во 1851 год.

Западно од црквата се издигнува високата камбанарија од втората половина на 19 век.

Во рамките на црковниот двор кон крајот на 19 век или на самиот почеток на 20 век, е подигната зградатам на старото училиште. Според опширниот натпис, испишан на мермерната плоча поставена високо во триаголниот  простор над главниот влез, школото е подигнато со средства донирани од Константин Беби, кој потекнувал од оваа населба. Објектот е изграден во класицистички, односно еклектички стил, каков што во тоа време масовно се практикувал и бил популарен во Битола.

## Св. Димитриј, с. Дихово

Селото Дихово се наоѓа во непосредна близина од западната страна на Битола. До селото се доаѓа по асфалтниот пат кој води од Битола кон туристичките центри над селото Нижеполе и сместувачките капацитети над селата Трново и Магарево. Од сите споменати села, разместени на мала оддалеченост, Дихово е првата попатна станица. Храмот посветен на солунскиот маченик Св. Димитриј во селото Дихово, претставува мала трикорабна градба со интересно обликувана камбанарија прилепена на западната фасада. Апсидалната конха од надворешната страна е карактеристична по високиот прозорец во средината и дванаесетте плитки ниши, поставени по шест лево и десно од него. На јужната фасада од црквата оставени се два посебни влезови од кои едниот комуницира со наосот а другиот, оној источниот, служи за дирекно влегување во олтарниот простор. Над влезот во наосот, во полукружна ниша, постои сликана претстава, со допојасјето на Св. Димитриј. Во подножјето на овој простор, насликан во поново време испишана е годината 1830.

Според внатрешниот изглед на црквата, може да се заклучи дека и таа најверојатно настрадала во периодот на Првата светска војна. На ѕидовите од наосот и олтарниот простор не постојат траги од ѕидно сликарство. Иконостасот во храмот е составен од три реда на икони, кои потекнуваат од периодот помеѓу двете светски војни. На поголемиот дел од нив, испишана е 1931 годината.

Сепак, како сведоштво дека црквата егзистира од постар датум се неколкуте сочувани икони од 18 и 19 век. Значајна е претставата на Распетието Христово од 1785 година, дело на познатиот корчански мајстор Константин зограф, кој заедно со неговиот брат и близок соработник Атанас, оставиле како сведоштва на својата работа, многу насликани ансамбли и икони на териториите на денешна Албанија, Света Гора, северна Грција а присутни биле и во неколку цркви во потпелистерскиот дел, како Дихово, Велушина и Претор.

## Св. Никола, с. Лавци

Селото Лавци е лоцирано на само 2 км. јужно од Битола. Поради изградбата на нови деловни и станбени објекти крај патот кој поаѓа од градската битолска болница а води кон селото, повеќе речиси не постои некакво видливо растојание и скоро неприметно влегуваме во самата населба.

Црквата Св. Никола е лоцирана во средишниот дел на селото и до неа води тесен асфалтен пат. Според натписот над јужниот влез, денешната црква е подигната во 1939 година а била осветена дури во 1961 година. Храмот има триконхална или трилисна форма, со купола поставена на осумстран тамбур и со влезови од јужната и западната страна. Внатрешноста на црквата со два реда на

столбови, надолжно е поделена на три кораби. Во западниот дел е издвоен нартекс над кој се наоѓа горната галерија. Ѕидовите во внатрешноста не се насликани.

Олтарниот простор е издвоен од наосот со висок иконостас во резба, со три реда на икони, сите датирани во периодот после обновата на црквата.

Низ внатрешноста на храмот може да се забележат неколку постари икони, кои им припаѓале на постарата црква во селото Лавци, која била срушена со бомбардирањата во периодот на Првата светска војна. Тие според својот изглед и датирањето во 1855 год., повеќето им припаѓале на стариот амвон или певницата и еден дел на некогашниот иконостас.

### Св. Димитриј с. Брусник

До селото Брусник се доаѓа по тесен асфалтен пат, кој тргнува од новата битолска населба, која, според тоа што гравитира кон ова село го носи името “Брусничка населба“. Од населбата до средишниот дел на селото има околу – км. Во непосредна близина над селото, на една доминантна височинка, е изграден храмот Св. Димитриј. Карактеристично за ова место е што оттука се отвара широка панорама кон селото Брусник, градот Битола и Пелагониската котлина. Практично, не постои друго светилиште во потпелистерието, од кое се овозможува толку убава и целосна глетка кон градот Битола и неговата непосредна околина.

Црквата Св. Димитриј е сместена во заграден простор во кој се влегува низ црковната порта а веднаш до неа се издигнува камбанаријата. Храмот има трикорабна форма, со петтострана апсида на исток и тремови од северната и западната страна. Главните влезови се наоѓаат од северната страна и тоа еден кон наосот и еден кон нартексот. Внатрешноста на црквата со два реда од по пет столбови, надолжно е поделена на три кораби. Над централниот кораб има полукружен свод а странично равните таваници се обложени со дрвени штици. На западниот дел од внатрешноста, постои преграден простор - нартекс, кој е со три скали издигнат од нивото на наосот. Врз ѕидовите од внатрешноста не се сочувани траги од ѕидно сликарство. Без оглед што оваа градба потекнува од првата половина на 19 век, од тоа столетие не се сочувало речиси ништо. И оваа црква многу настрадала за време на војните од почетокот на 20 век. Од тие причини и иконите на иконостасот се од времето на нејзината обнова, од 1922 до 1926 год.

## Св.Спас, с. Брусник

И црквата посветена на Вознесението Христово или на денот на Спасението, се наоѓа во непосредна близина на селото. До неа се стигнува по земјениот пат, кој води источно од населбата. Градбата е сместена во зарамнет простор, од каде исто така кон долината се протега панорамата на градот Битола.

Според расположливите податоци црквата е изградена и осветена во почетокот на 20 век. Сепак, судбината не и била многу наклонета. Само неколку години по осветувањето, храмот , тешко настрадал од бомбардирање- то во екот на Првата светска војна. Во тие околности е уништен во целост дрвениот иконостас во резба, кој бил изработен од резбарот Нестор Алексиев.

## Црква Св. Преображение, Буковски манастир

На околу 2 км. над селото Буково, на доминанатна височинка опкружена со густа шума, се наоѓа манастирскиот комплекс со црквата посветана на Преображението Христово. До манастирот се доаѓа од правецот на селото Буково, но можно е да се пристигне и од селото Крстоар по тесниот асфалтен пат кој проаѓа покрај Крстоарскиот манастир. Комплексот се состои од манастирската порта, црквата, конаците на два ката, со кујната и трпезаријата, камбанарија и уште неколку други помошни објекти. Манастирот денес не е активен, но историските сведоштва со кои располагаме зборуваат за неговото повеќевековно опстојување како еден од поголемите монашки и духовни центри во битолско. Како резултат на залагањето од страна на верниците и црковните претставници, во последните години приврршена е реконструкцијата на конаците. Со тоа се создадени услови за повеќедневен престој во овој прекрасен амбиент.

Црквата Преображение Христово или Св. Сотир, е изградена во средината на комплексот ограден со камени ѕидови. Со својата содржина и квалитетот на изведбата е еден од најрепрезентативните споменици од ваков тип во потпелистерскиот регион. Архитектонски, претставува тип на градба во комбинација на трикорабна базилика и впишан крст со купола која се издигнува од централниот дел на храмот. На источната фасада доминира седумстраната апсида. Впечатокот за јужната и северната фасада го надополнуваат по четири правоаголни прозорски отвори. Со внатрешноста на храмот се комуницира преку влезовите поставени на јужната, западната и северната страна. Над западниот влез е исклесан поопширен натпис во кој се споменува годината 1837 како време на завршување на изградбата. Во наосот вниманието го привлекуваат масивните столбови, оформени од по 10 до 12 кружни камени прстени. Тие се поставени во два надолжни реда од по четири столбови, меѓусебно поврзани со полукружни арки. На тој начин се потпрени разиграните сводни површини од трите издвоени кораби. Куполата се издигнува над четирите пандантифи од

местото каде се вкрстуваат полукружните сводови. Низ осумстраниот тамбур, осветлувањето е обезбедено со -- - прозорци. На масивните ѕидни површини во внатрешноста не се сочувани траги од живопис.

Иконостасот, претставува висока преграда со три а во средишниот дел и со четири реда од икони. Направен е во комбинација со делови од постар иконостас во резба, кој потекнувал од постарата фаза, чија судбина не ни е позната. Иконите се сликани во период од приближно педесет години. Според натписите, можат да се датираат во 1862, 1881 а еден дел се сликани во 1908 година. Стилската анализа на иконите наведува на заклучоци дека се дела на локални зографи, кои твореле на овие простори во втората половина на 19 век.

Многу значајна содржина на храмот е целиванието украсено со резба. Ова дело со високото ниво на уметничка обработка и многуте претстави изрезбани на мал простор, претставува вистински репрезент на достигнувањата во доменот на дрвената резба, од првата половина на 19 век во битолско и пошироко.

### Св. Димитриј, с. Буково

Селото Буково, се наоѓа во непосредна близина од градот Битола. Практично од новата т. н. Буковска населба, која се протега јужно од античкиот локалитет Хераклеа, до селото Буково по асфалтниот пат, растојанието не е поголемо од 2 км. Во самото село и неговата непосредна околина во текот на 19 и почетокот на 20 век подигнати се или обновени од темел, повеќе христијански храмови. Најпознат од нив е манастирскиот храм посветен на Преображението Христово, западно од селото. Од источната страна, на патот од Битола кон селото се обновени црквите Св. Тројца и Св. Атанасиј. Во самото село се Св, Никола, Св. Богородица Пречиста, Св. Петка и централниот буковски храм Св. Димитриј. Евентуалната посета на сите овие храмови, најдобро е да се најави кај Трајан Ѓоревски од селото Буково, или на тел. 075/821-721.

Црквата Св. Димитриј во с. Буково претставува трикорабна градба со базиликална основа. Од нејзината источна страна се наоѓа тристрана апсида а на запад се издига црковната камбанарија. Вдолж јушната фасада прилепен е затворениот трем со помошните простории. Внатрешноста на градбата поделена е со два реда од по четири столбови, кои во горниот дел по должина се лачно поврзани. На западниот дел со ниска преграда е издвоен наосот од нартексот а погоре е катната галерија. Интересно за овој храм и како своевидна реткост е катна галерија само над јужниот кораб од црквата.

Ѕидно сликарство постои во полукружните конхи од централната апсида и во протезисот. Според стилските карактеристики ѕидното сликарство соодвествува со еден дел од иконите на иконостасот кои се датирани кон крајот на 19 век.

Иконостасот во црквата е конструиран со два реда на икони и според испишаните натписи врз нив, тие се изработени во текот на 1895, 1896 и 1907 година. Од истиот зограф најверојатно се насликани и иконите на амвонот, на еден од северните столбови од наосот.

Дополнителна вредност и причина повеќе да се посети овој храм, дава богатата збирка на икони и етнолошки предмети, која е сместена во горната галерија

**Св. Ѓорѓи с. Олевени**

Во непосредна близина на селото, во поново време се обновени неколку мали параклиси кои се групирани во непосредна близина една од друга. Станува збор за црквите **Св. Атанасиј, Св. Ана, Св. Петка и Св. Илија**.

Во рамките на самата селска населба Олевени, изградена е најстарата и најзначајната за ова село, храмот Св. Ѓорѓи. Храмот е поставен на една височинка од каде доминира над поголемиот дел на селото Олевени. Објектот претставува еднокорабна градба со седумстрана апсида на исток и затворени тремови прилепени крај јужната и западната фасада. На југоисточниот агол од храмот се извишува камбанаријата. Таа во долниот дел има четвртаста форма за да во горниот, преку осумстраниот тамбур заврши со купола. Главниот влез во црквата е поставен во средината на јужниот дел. Внатрешноста е поделена со прегради во наос, нартекс и олтарски простор. Нартексот на западниот дел е подигнат на повисоко ниво од наосот со неколку скали.

Ѕидовите од внатрешноста на црквата се насликани во целост. Зографот не оставил запис со кој би не информирал за неговото авторство, но според стилските особености може да се претпостави дека се работи за Јосиф Радев од Лазарополе, кој кон последните децении на 19 век е доста активен на ова подрачје.

На иконостасот се поставени два реда на икони од различни временски периоди и автори. Постарите се датираат според записот во 1839 година. На овој период му припаѓаат повеќето од престолните икони. Царските двери и допојасните претстави на апостолите во горниот ред на икони, според своите карактеристики припаѓаат на друга зографска работилница. Според годината испишана врз дверите, оваа групација е насликана во 1857 година.

## Св. Богородица с. Канино

Селото Канино е оддалечено 11 километри од јужниот излез на Битола. До него се доаѓа по регионалниот пат Битола-Драгош, со тоа што пред селото, на местото означено со патоказна табла, од регионалниот пат свртуваме на запад кон планината. Храмот Св. Богородица е поставен на едно мало возвишение од спротивната страна на селото. Сите подетални информации околу посетата, и престојот во црквата, можат да се добијат кај Веле Талевски, жител во селото или на тел. 047/284-317.

Црквата е сместена во заграден простор заедно со селските гробишта, во кој се влегува низ обновената црковна порта на источниот дел од комплексот. Таа претставува релативно мала трикорабна градба со полукружна апсида на исток, камбанарија на југоисточниот агол и затворени тремови покрај јужната и западната фасада. Во поново време се малтерисани сите фасади од црквата, заедно со помошните простории.

Со внатрешноста на светилиштето, може да се комуницира преку двата влеза разместени на јужната и западната страна. Наосот е поделен на три надолжни кораби со двата реда на дрвени столбови. На западниот дел од внатрешноста, се издига дрвената галерија на кат. До неа се пристигнува по едноставните камени скалила.

Во наосот од храмот не се сочувало ѕидно сликарство. Тоа е присутно само во деловите од олтарскиот простор, поконкретно, во просторот на апсидалната конха и во малата ниша од протезисот. Двете насликани партии, со вообичаени претстави за овој простор, потекнуваат, според сочуваните записи од 1928, односно од 1930 година.

На иконостасот се поставени два реда на икони, од кои повеќето се датираат во втората половина на 19 век. Иконите од втората четвртина на 20 век, се изработени од истиот мајстор кој го сликал ѕидното сликарство во олтарскиот простор.

Царските двери кои се поставени на овој иконостас, претставуваат уметничка творба што веќе го предизвикала вниманието на историчарите на уметноста. Експертите се усогласени во ставовите дека тие, заедно со уште неколку слични вакви предмети, од поширокиот регион на Демир Хисар, Кичево и Прилеп, украсени со плитка стилизирана резба, потекнуваат од 16 век. Најверојатно овие царски двери се остаток од некој постар храм кој се наоѓал на местото на денешната црква или пак во нејзината непосредна околина. Во секој случај, тие се вбројуваат помеѓу највредните артефакти работени во резба од периодот на поствизантиската уметност во Македонија.

# Култот на римската маченичка св. Петка во регионот на планината Баба

Во историјата на христијанската црква, почитувани биле повеќе светителки кои го носеле името св. Петка. Меѓу нив по култот што се негувал во Византија и во земјите под нејзино културно влијание значајни биле три личности. Најстарата од нив била св. Петка Римска, нешто помлада била св. Петка Икониска и најпосле св. Петка Епиватска.

Св. Петка великомаченичката од Рим е најдинамичната појава помеѓу наведените светителки. Според легендите, светителката потекнувала од религиозни и угледни родители кои долго време живееле во брак без пород. Идната светителка се родила во петок, поради што го добила името Петка. Всушност во времето кога се родила, средината на 2 век н.е., петтиот ден од неделата бил нарекуван според античката божица на љубовта Диес Венерис и најпрво, односно се до 6 век светителката се именувала санта Венера. Подоцна кога во Византија преовлада грчкиот јазик, стана популарна како св. Параскева, а кога словенските народи дошле во контакт со нејзиниот култ, логично ја нарекле св. Петка.

По смртта на нејзините родители и краткотрајниот престој во еден женски манастир, св. Петка се упатила низ светот да го шири христијанското учење. Во тоа време во Римската Империја, како многубожечка средина, меѓу владеачките слоеви, христијанството не било ни малку лесно прифатливо учење. Од тие причини нејзините проповеди, набрзо наишле на отпор кај римските управители и по нивно барање таа се нашла зад решетки. Бидејќи не сакала да ги промени своите убедувања и да се откаже од христијанското учење, била изложена на тешки измачувања. Кон крајот на нејзината мисија, во неможност да ја придобијат, римските властодршци наредиле да ја обезглават. Така било и сторено. На излезот од градот кон местото на егзекуција, таа ги замолила џелатите да и остават малку време за молитва која ја изговорила клечејќи пред да биде погубена. Низ зборовите изречени во оваа молитва, проткаени се основните мотиви св. Петка во наредните векови да биде славена како исклучително почитувана светителка:

*"Владико, Господе, ти кој го создаде небото, земјата и морињата и се што е во нив, кој по својот лик го создаде човекот, сослушај ме сега, во овој миг, мене, недостојната робинка твоја и на сите кои мене помен ми прават поклони им милост на судниот дем и во домот нивни да нема ни глуви, ни слепи, ни лепрозни ... ниту било каква друга болест. И ако некој се разболи, па името го повика мое, да се извлече од таа беда...И ако луѓето во град или во село молитвен храм подигнат во мое име, името на робинката твоја, во нивните ниви и лозја да не одат ни скакулци, ни гасеници, ни бубалки, ни рѓа, ниту каква било друга пакост; сочувај ги стадата од овци и говеда...од секаква напаст која би можела да им дојде и послушај ја владико Господе боже, робинката твоја, бидејќи е преславно името твое во векови."*

Телото на св. Петка го зеле некои побожни луѓе и го погребале. Според преданијата, на гробот на маченичката многу верници се излечиле од тешки болести и телесни маани. Нејзиниот култ рано почнал да се негува во Византија. Дел од нејзините мошти подоцна биле пренесени во Цариград, каде и биле посветени две градби.

Често се мисли дека св. Петка го стекнала своето почитување меѓу широките слоеви благодарение на верувањата дека таа им помага на луѓето при билести и секојдневните незгоди. Но изгледа дека најсилен фактор во растежот на нејзиниот култ претставувало убедувањето дека св. Петка е заштитничка на мртвите. И самото нејзино име кое е поврзано со петокот, денот на Христовата смрт, било разбирано како олицетворение на неговото страдање за спасение на човечкиот род.

Денот на празнувањето на оваа светителка е 26. Јули, односно 08. Август според официјалниот календар. Во нашиве краишта од ранохристијанскиот и  средновековниот период сеуште не знаеме за храмови посветени на св. Петка Римјанка. Најстарите насликани претстави со сцени од  нејзиното житие се сочувани во црквата Св. Константин и Елена во Охрид, од почетокот на 15 век. Најстарото светилиште посветено на оваа маченичка во потпелистерскиорт регион е црквата од манастирот во с. Брајчино. Според историските извори знаеме дека на оваа светителка и биле посветени старата црква во с. Маловишта од крајот на 16 или почетокот на 17 век. Кон средината на 17 век се споменува манастирската црква над селото Цапари. Од 19 век се познати црквите во с. Нижеполе, Ореово. Од понов датум се обновените цркви во Д. Дупени, Подмочани, Сливница, Штрбово, Претор, Олевени и Драгош. На тој начин оваа светителка претставува патрон со најголем број храмови во регионот на планината Баба.

Науката сеуште не ја афирмирала презентираната состојба, ниту пак понудила задоволителни одговори на што се должи големата распространетост на оваа светителка.

Меѓутоа, самиот таков факт, нуди реални основи за промовирање на идејата за заедничко празнување на сите населби каде што се почитува култот на оваа светителка.